**СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ**

**од Сто и првата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 6 февруари 2002 година**

Седницата се одржа во сала 1 во Собранието на Република Македонија , со почеток во 11,55 часот.

Седницата ја отвори и на неа претседаваше Стојан Андов, претседател на Собранието.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дами и г-да пратеници,

Ја отворам 101-та седница на Собранието на Република Македонија

Пратеничката Валентина Божиновска ме извести дека од оправдани причини не е во можност да присуствува на седницата.

Констатирам дека на седницата присуствува мнозинството пратеници на Собранието и дека Собранието може полноважно да одлучува.

На седницата поканети се претседателот на РМ, г-дин Борис Трајковски, претседателот и членовите на Владата на Република Македонија.

Оваа седница ја свикав по барање на пратеничката група на СДСМ.

Предлагам дневниот ред на оваа седница да не се дополнува со други точки.

Предлогот го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме, вклучете го системот за гласање.

(некои проблеми во вклучувањето на системот)

Ве молам уште еднаш вклучете го системот за гласање, значи предлогот е дневниот ред на оваа седница да не се дополнува со други точки.

Ве молам да гласаме.

Пред гласањето, г-динот Жарко Караџоски бара збор.

**ЖАРКО КАРАЏОСКИ:**

Почитуван претседателе, бидејќи го ставивте предлогот на гласање да не се дополнува дневниот ред, јас би интервенирал во друг дел.

Од името на пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ ќе побарам половина час пауза за да се договориме и да изградиме став во однос на оваа седница.

Сакам да напоменам дека во голем дел од нашата пратеничка група доминира ставот дека ваква седница воопшто не е потребна од причина што информацијата во оној дел во кој што зборува е во рамките на некоја трета власт, поточно сето тоа се дејствија кои се водат во истражната постапка, така што за да не се случи овде до Парламентот да правиме судница  од името на пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ барам половина час пауза за да го конкретизираме ставот.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Добро, половина час пауза.

(пауза од 12,00 до 13,10 часот)

Продолжуваме со работа.

Има збор г-дин Жарко Караџаски.

**ЖАРКО КАРАЏОВСКИ:**

Почитуван претседателе, колеги пратеници, со оглед на тоа што побарав пауза, од името на пратеничката група да го соопштиме ставот за денешната работа на Собранието. Би сакал да го пренесам ставот на пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ.

Колеги пратеници, бидејќи предложениот дневен ред на денешната седница се однесува на настаните во Неготино, село Теарце, Прилеп и Охрид, по барање за свикување на итна седница од страна на пратеничката група на СДСМ, кои настани сепак се поврзани со кривично правна одговорност и истата е во надлежност на органите за прогон и судовите, цениме дека во Собраниската дебата нетреба да се мешаме во судската надлежност, која е исто така една од властите во РМ. Да напоменам со Уставот власта во РМ функционира на три нивоа, една е законодавната, птоа извршната и судската власт.

Сакам да потсетам и на друга работа. Вакви и слични седници се случувале доста, каде што Собранието расправало по разни  настани од кривично правна одговорност, па за да не се случува Собранието да го претвораме во судска палата и да расправаме за секој кривично правен настан, должен сум да свртам внимание дека овде станува збор за настани од кривично правен аспект.

Меѓутоа , со огле што на некој начин, поточно на начин што бевме доведени во позиција за можноста за одржување на 100-та седница која што беше закажана за денес со директно неучество на СДСМ до колку не се одржи оваа итна седница, а од причини да не би сватило дека ние бегаме од било каква расправа во Собранието, сакам да соопштам дека прифакаме од политички причини да учествуваме во работата на оваа сед-ница

на Собранието на оваа тема, но со напомена дека нашето учество исклучиво ќе се гораничи во рамките на политичката одговорност на настаните и учесниците во нив, како не би ги опфатиле ингеренциите на судската власт.

На крајот би сакал да препорачам и другите пратнеици надвор од ВМРО-ДПМНЕ да прифатат ваков метод на работа на денешнава седница.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Предлагам дневниот ред на оваа седница да не се дополнува со други точки.

Предлогот го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

(по гласањето)

Вкупно гласале 67 пратеници, од кои 65 за, двајца воздржано и ниту еден пратеник не гласал против.

Констатирам дека Предлогот е усвоен.

За сеницата го предлага следниот дневен ред:

Информација за случаите на употреба на насилство во Неготино, Теарце, Прилеп и Охрид.

Предложениот дневен ред го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

(по гласањето)

Вкупно гласале 68 пратеници, од кои 61 за, четири воздржано и тројца против.

Констатирам дека е усвоен предложениот дневен ред.

Преминуваме на дневниот ред - Информација за случаите за употреба на насилство во Неготино, Теарце, Прилеп и Охрид.

Информацијата за настаните во Прилеп, Неготино, Теарце и Охрид и дополнувањето ви се доставени.

Отворам претрес.

Молам, кој бара збор?

Има збор г-динот Никола Поповски.

**НИКОЛА ПОПОВСКИ:**

Почитувани колеги, евентуално очекувавме и претставникот на Владата дали ќе се јави за да поднесе информација.

Дозволете ми да го изнесам нашето мислење во врска со точката од дневен ред која дојде по наше барање.

Сметавме дека во Република Македонија се повеќе се зачестуваат случаите на насилство во државата кои не се во никаква корелација или во никаква врска со насилството кое произлегува од воените конфликти кои ја зафатија Македонија во текот на 2001 година и кои со одредени исклучоци повеќе или помалку траат до денес. Фактот дека во Македонија насилството наместо да се смири и ограничува на воено кризните региони, то се повеќе се шири и ја зафаќа целата територија, дури во области кои немаат никаква врска со ова што претходно говорев, беше доволно да сметаме дека Собранието на РМ треба да ја разгледа оваа ситуација, да оцени што се случува во Македонија и во рамките на својата надлежност да донесе заклучоци.

Исто така ве известувам дека во текот на расправата пратеничката група на СДСМ ќе поднесе Предлог на заклучоци, за кои очекуваме по затво рањето на расправата во Собранието да ги усвоиме како Собрание.

Ние баравме да се расправа и денес расправаме за четири случаи на насилство во Теарце, Прилеп, Неготино и Охрид не затоа што се тие единствените, туку затоа што се типични и затоа што се случија во многу краток временски период и затоа што на крајот на краиштата се само врвот на карпата мраз од насилство, која виси над Македонија и практично се еден вид на последица на начинот на кој Владата на РМ владее во изминатите скоро три ипол години со нашата држава.

**НИКОЛА ПОПОВСКИ:** (Продолжение)

Таковото владеење придонесе во Македонија да се поништи демократијата, непочитување на законите и Уставот, нивно третирање само за дневна употреба доколку се во согласност со она што Владата сака да го прави и владеачките структури, нивно изигрување, ширење на несигурност, економска, социјална, политичка, безбедносна, промовирање на принципи што се кривични дела за врвен начин на владеење како што се корупција, поткупливост и општа неефикасност на државните институции кои што, наместо да служат согласно на Уставот и законите на РМ, на чело со оние кои ги раководат служат во апсолутна смисла на тесен круг на луѓе околу нив и со нив.

Ако погледнеме во кои области или кои дејности се случуваат проблемите за кои што денеска зборуваме и во кои делови се случува насилството во РМ, ќе извлечеме уште една поука. Тоа е дека насилство се случува секаде каде што во претходниот период, некој имал надлежности и ги применувал таквите

методи во тие области не бил ниту политички, ниту морално, ниту кривично казнет, ниту гонет во оваа држава. Напротив, имаме повеќе случаеви постојано биле унапредувани за слични примери за кои денеска говориме.

Само да потсетиме, на пример, во сферата на образованието и она што се случи во Неготино, надлежност на министерот Новковски, затоа што се случува во едно државно училиште во кое што директорот е назначен од министерот и е, практично, негова продолжена рака за да го спроведува тоа што треба да се прави по законите во оваа држава. Новковски, кој повеќе пати е разрешуван и повторно именуван од оваа Влада и од ова парламентарно мнозинство, логично извлече заклучок дека неговиот начин на владеење и причините заради кои повеќе пати бил разрешуван од министерската функција од ова Собрание, само да потсетиме еднаш од образование, понатаму од наука, сега повторно во образование, него го охрабрува да смета дека сите проблеми што може да ги направи нема ништо по него да бидат последиците и консеквенците негативни, туку напротив. Дека во својата политичка и државна кариера тој човек и понатаму ќе напредува. Тоа и го втурна да може да се пресметува со учениците со физичко насилство, да ја охрабрува и подржува професорката односно во овој случај директорката која тоа го прави и да смета дека таквиот начин на управување со сферата што му е доверена е добар.

Во минатото, за безброј вакви случаи на физичко или друг вид насилство, со разрешување на директори, со преместување, со тортура врз ученици и професори, со присилно воведување на некои почетоци на учебни години што беа по пат на насилство, меѓутоа не физичко, не извлече никакви консеквенци и сега слободно да продолжи со физичко насилство врз учениците, се разбира со плати и со трошоци од Бузетот на Република Македонија.

Наместо санкции , дури и џагорот во оваа сала потсетува дека и премиерот и мнозинството што го избра Новковски се солидаризира со таквото насилство, го оправдуваат да продолжи и понатаму и никако не може после петнаесетина дена да се освести и барем еднаш да соопшти дека вината е дирекно кај него и кај тој кој го избрал и именувал, односно предложил за избор, премиерот, со тоа практично се создава впечатк дека насилството се легализира како метод на работа.

Истото се случува и со случајот во Охрид. Охрид е град во кој, откако ВМРО-ДПМНЕ влезе во Владата, партијата во тој Град , истата партија, редовно употребува насилство во сите изборни циклуси од тогаш наваму: претседателските избори, локалните избори, насилството физичко, дури употреба на огнено оружје. И, за остварување на тие политички цели никогаш ниту еден не е казнет, никогаш не е изречен ниту еден збор на критика од власта во РМ и со тоа насилството се легитимизира. Сега фрлање молотови коктели врз зградата на опозицијата кои министерот за внатрешни работи во својата Информација до нас ги квалификува како фрлено шише на " Кавадарка" со мирис на алкохол. Се надевам ако тоа се случи во обратна насока нема да го оквалификува така нападот со молотов коктел што всуност е експлозивна направа што треба да запали и да уништи една опозициона зграда, само ги потикнува да продолжат со истите методи.

Тоа исто се случува и со уништувањето на споменициte. За нив нема никогаш санкции. Ние сме единствената држава во Европа која жртвите на Фашизмот или борците против Фашизмот заслужуваат да бидат унакажувани, нивните споменици да бидат вадени, претопувани, политички уништувани, пукано во нив и исто така, министерот, кој треба да се грижи тоа да го штити, да го соопштува како технички податок дека е извршена кражба на некој споменик. А, за слични мотиви, неколку денови пред тоа се распишува награда за диво поставени објекти, исто така што требале да бидат некаков споменик. Тоа само укажува дека во нашата држава жртвите на Фашизмот се прогласуваат сега за погрешно квалификувани, а оние кои тоа го правеле се величаат како херои.

И само слеп човек не може да примети дек насилството врз спомениците во Прилеп од фашистичката војна, од Антифашистичката војна и во областа Дабница се само продолжена рака на една политичка филозофија што го промовира тој систем против кој тие луѓе ги дале животите за своја врвна доблест. И спремни се да соработуваат и во историска и во современа смисла со продолжените извитоперени политички идеи на таквата филозофија.

Мора да се каже дека се создаде во државата ситуација во која насилството

недоволно се обвинува, недоволно се нагласува, а кога тоа насилство станува физичко, се прават обиди тоа да се заборави па дури и од структури вон од власта да се легитимизира. Само ќе потсетам на неколку изборни циклуси што оваа власт ги спроведе кога, за да се добијат политички гласови се употребуваа неполитички средства меѓу кои ќе ги набројам: насилства, тепања, пукања, убиства и обиди за убиства со крвопролевања. И, наместо на тоа да му се застане на патот и власта, меѓутоа и други тоа го заборавaат па после преминуваме на систем на легитмизирање на тоа по неколку години. Власта извлекува поуки од тоа. Се надева дека ќе се стори истото, дека тоа што сега е насилство по два-три месеци некој ќе го заборави и ќе го легитимизира како норнмална работа. А, власта ќе може да продолжи со тоа и понатаму.

Само да се потсетиме за уште на еден случај на насилство што произлегува од ресорот кој што сега ни достави Информација во која што е срамно да се прочита како се третираат сериозни кривични дела. Во тој ист ресор пред една година се утврди со аргументи и со докази, тоа на сите им е јасно освен на тие кои го водат ресорот, сега на пример г-динот министер за внатрешни работи, дека имаше прислушкувања во државата, дека се прислушкуваа практично сите, вклучувајќи Ве и вас кои сакате да го заборавите тој факт. Тој ресор имаше тогаш еден министер и еден негов близок соработник кои, наместо да сносат санкции од таквото насилство, беа унапредени во министер и во заменик премиер. Заменикот премиер си отиде заради други мотиви, а министерот сеуште ја ужива подршката на премиерот и на парламентарното мнозинство, без да се соопшти дека насилството произлегува токму од такви случаи на заборавање на она што се случува. Еднаш е тоа прислушување, втор пат е тоа насилство, трет пат е тоа тепање, четврти пат се тоа убиства и , ако ги гледаме случај по случај, ние ќе зборуваме за насилства. А, ако ги гледаме како целина, практично ќе видиме дека е тоа систем на владеење или обид да се инволвира во Македонија систем на владеење по пат на насилство.

Нашата држава, заради објективни околности и заради начинот на кој што со неа се владееше, се доведе во ситуација во 2001 година да избие војна. Војна која има две карактеристики: обид да се распарчи Македонија и да се создаде меѓуетнички конфликт од широки размери.

Нашата Влада, наместо на примерот на таа болка што ја снајде Македнија, да се збие во сопствените редови, да поведе сопствен аборба против криминалот, сите видови на криминал да ги поништи, вклучувајќи ги и оние што се стимулирани од Владата: корупција, политичко насилство, закани и т.н., и да се посвети на сериозните проблеми за безбедноста на државата, своето внимание не го насочува во таа насока. Таа мисли, зборувам за Владата, Владата мисли дека тоа што во Македонија се водеше и уште има реперкусии од војната е само добра основа да се префрли полето на насилството и на други страни, па да се воведе во образованието во доменот на културата, во доменот на финансиите, во доменот на економијата, на кадровската политика и т.н.

Наместо Владата да покаже на нацијата и на светот дека , во услови кога Македонија се соочи со војна, таа треба да биде примерот што ќе ги упати другите да запрат со сите видови на незаконско однесување, со тоа да ги насочи сите свои квалитети и капацитети кон проблемот со војната, таа , војната ја употреби како аргумент за да го шири насилството, сметајки дека ширењето на насилството во 2001 година ќе ги фрли во сенка сите видови на ситно насилство и криминал што самата ги практикува.

(Дофрлање од место, апретседателот предупредува на ред со ѕвончето).

Тоа е, господине што довикувате, државен тероризам и тој државен тероризам од Владата почнува да се сели и во Парламентот. Ние, во Параментот на Република Македонија, наместо согласно со Уставот на Република Македонија да носиме закони, ние почнуваме да ги прифаќаме методите на тероризмот од страна на Владата. Владата, со државни средства ги тепа учениците во Неготино или партијата што стои зад владата фрла експлозивни направи и молотови коктели врз седиштата на опозицијата, а Парламентот, за да не остане покус, заседава со 40 пратеници и носи закони. Во Уставот пишува дека за тоа мора да има 61 пратеник. Тоа е само уште еден вид на тероризам што сега може да биде смешен, меѓутоа што само дава уште една сликичка во мозаикот за она што се случува во Република Македнија.

Врвот на тој таканаречен државен тероризам, што се преселува и во Парламентот, се случи пред неколку дена и во ЗПК која што помисли за да се донесат закони во оваа држава веќе нема потреба ниту да заседава Парламентот, туку дека треба да се состанат 6 луѓе во ЗПК, да добијат допис од министерот да соопшти што тој мислел додека седел во Министерството и како треба да изгледал законот што ни го достави во поинаква форма. Тоа насилство што е физичко, во Парламентот почнува да се отсликува и на таков начин. Ние мислиме дека овде можат да седат 45 луѓе и да носат закони и со принцип на притискање на картичките од Стручната служба да се донесуваат и тоа да не го сметаме дека е некакво насилство.

Законодавно-правната комисија смета дека за еден закон што во формата, во која што е доставен до Владата и од Владата до Парламентто и Парламентот го усвоил може да изнесе забелешки и да го промени во "Службен весник" со свој акт само заради тоа што министерот згрешил на начинот на кој го доставил законот. Тоа дава за право министерот и по некој друг закон , да соопшти на ЗПК и нејзиниот претседател дека уште некоја даночна стапка ја згрешил, дека можеби таа не требла да важи од 1 јануари, можеби од 1 септември минатата година и, врз осноа на тоа насилството се легитимизира и во оваа сфера. Па, Парламентто си ги менува законите обратно од тоа што ги донел и сериозните грешки на Владата ги исправа и ги нарекува технички грешки. Можете да замислите колку е тоа блиско до диктатура на неколку луѓе кои контролираат можност, со писмо од министерот за финансии, да ги менуваат законите во "Службен весник", без да заседава Парламентот.

Четирите случаи за кои денеска разговараме: за претепувањето во Тетовско и во Неготино, фрлањето молотови коктели врз зградата на опозицијата во Охрид и за уништување на спомениците на борците против Фашизмот и борците од Ослободителната војна на Македонија се само практичен и само свеж и видлив пример за она што се случува во нашата држава.

Нам ни е жал што во Информацијата, што ја достави Владата до овој Парламент, сите овие случаи се сведени на техничко прашање. Се разбира дека тие не се техничко прашање. Тие се сериозно техничко прашање од највисок приоритет. Кога во една држава припадници на владеачка партија фрлаат молотови коктели врз седиштето на друга политичка партија во опозиција, која што во исто време држела свој политички собир и се изјаснила дека на пример во оваа држава Владата е корумпирана и дека краде пари, и се враќа со молотов коктел, не е техничко прашање. Тоа прашање е серионо политичко прашање на начинот на кој што власта сака да се пресмета со опозицијата. Меѓутоа и не само со опозицијата, туку со сите кои мислат поинаку од Владата. Како тргнала работава по нашава држава ќе видиме молотови коктели и за она што човек го мисли а не го ни кажал, наспроти она што го кажал.

Насилството врз учениците минситерот за образовани9 до вчера, на сите официјални седници во Парламентот и изјавите што ги даваше во јавноста кажа дека не постоело и дека тие не се претепани. За, денеска, Владата да ни достави Информација во која што кажува дека 17 луѓе влегле  во училиштето, повикани од државниот директор кој зема плата да ги спречи а не да ги повика на тепачка и дека извршиле насилство врз 40-тина ученици. Сега, што да очекуваме? Министерот да даде оставка, премиерот да го промени или што?

Она што мислам дкеа ќе го очекувам од парламентарното мнозинство е да го наградат министерот Новковски за своето добро однесување, со унапредување во политичката хиерархија на неговата партија и во овој Парламент. Првото унапредување ќе биде така што нема да ја изгуби министерската фотелја.

Почитувани колеги пратеници, членови на Владата и почитуван претседателе,

Длабоко сум уверен дека ние, всушност, денеска не сме ниту во предворјето, туку се наоѓаме на сериозен пат кон употреба на сила од страна на власта во остварување на политички цели. Тоа еднаш ќе се случи со една група на ученици, втор пат со една политичка партија, трет пат со ед9н поединец кој размислува дека можеби поинаку треба да се води политиката, четврти пат со некој кој оставил историски траги во борба за слободна Македонија и Антифашистичкото востание, петиот пат со некој директор, шестиот пат со некој закон што 6 луѓе на чело со претседателот на Комисијата може да го променат, седмиот апт со еден

потпретседател на Собранието кој раководи со 40 луѓе и донесува закони за кои треба да има 61 човек во Парламентот, седмиот пат со тепање на луѓе кои одат на избори да го изнесат својот глас, наредниот пат со закана на новинарите, осмиот пат со физичка пресметка, деветиот пат со пукање на контролорите на изборните кутии, а ние знаеме дека во Скопско и починаа луѓе на локалните избори, десетиот , единаесетиот и стоединаесетиот пат, веројатно, со мерки што државите нив ги превзема се нарекуваат диктаторски.

Од сите овие причини би сакале да Ви соопштиме следново:

Прво, Собранието денеска мора да утврди дека мотивите на насилство во Република Македонија, што ги применува Владата и партиите што ја подржуваат Владата, имаат политичка мотивираност и дека најголем дел од случаите за кои разговараме се со такво потекло;

Дека Парламентот треба да ги употреби своите овластувања со цел да ја утврди одговорноста на најмалку двајца министри за почеток, затоа што учествуваат, на еден или друг начин, во криминални дејствија на поттикнување на насилство;

Да ја задолжи Владата да расчисти со случаите на насилство, чиј корен е во Владата, се разбира со голема скепса ова го кажувам затоа што мислам дека во тој случај премиерот ќе треба веднаш да си поднесе оставка со целата Влада;

И, се разбира да ги осуди настаните за да не ни се повторат.

Во оваа насока, пратеничката група на СДСМ, за последново што говорев, ќе достави предлог на заклучоци во текот на расправата по Информацијата.

Благодарам.

(Во отсуство на претседателот на Собранието со седницата продолжи да раководи потпретседателот на Собранието на Република Макеоднија господин Илјаз Халими).

**ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:**

Благодарам на пратеникот Поповски Никола.

За реплика се јави пратеникот Флоровски Александар.

Да го слушнеме прво Александар Флоровски.

**АЛЕКСАНДАР ФЛОРОВСКИ:**

Репликата може да биде малку подолга, но ќе го исползувам она што значат пет минути.

Господо, ова не е барање одговорност за министерот Новковски и Бошковски. Ова што беше образложено е интерпелација на Владата на Република Македонија.

Имаме точно наброени 4 работи за кои барате изјаснување: Прилеп, Неготино, Теарце и Охрид. Вие овде говоревте тоа што Вас ве боли, тоа што е ваша желба да се оцрни Владата. За тоа постои точка на дневен ред интерпелација на Влада со потписи на вашите пратеници. Вие можете тоа да го издејствувате овде. Очигледно измешавте баби и жаби, а не ги измешавте, знаејки ја вашата умешност. Мислам дека г-динот Поповски не е толку неук да не знае што говори овде. Но, мислел дека ќе помине на мала врата.

Ќе земам после збор за дискусија, ќе се пријавам за дискусија, да дадам едно сопствено видување на сите овие настани што Вие овде ги набројавте.

Ова денеска што е презентирано од ваша страна, конкретно за случувањето, вторито дел нема да го коментирам затоа што одите по онаа народната "гладна кокошка просо сонува". Знам што е вашиот сон. Но, очигледно дека нема да биде на 2 јуни, ќе биде најмалку до 8 септември. Што се однесува до мене ќе го немате гласот за предвремени избори на 2 јуни не затоа што јас не сакам. Затоа што Вие барате господа. Затоа што до 1998 година ве гледавме како владеете. Доколку би се јавила некоја нов аполитичка опција тогаш и би размислил. Но, верувам дека овој макеоднски народ нема кратко паметење и добро го памети вашето владеење на чело со г-динот Бранко Црвенковски.

Сето ова што беше апострофирано овде од г-динот Поповски се движи во рамките на научна фантастика: што е тоа што ќе се случува во иднина: насилството виси над Македонија.

Од каде Вие г-дине Поповски знаете што виси над Македонија, кога очите на цела Европа и свет ќе бидат вперени овде. И, сето она што недај Боже ќе значи насилие ќе биде санкционирано. На крај, не треба толку да брзате народот знае и да наградува и да казнува. Ако ние лошо сме владееле ќе не казни по пат на избори.

**АЛЕКСАНДАР ФЛОРОВСКИ**:
(Продолжение)

Немаме намера по пат на насилие ништо да задржуваме, иако кај вас се вртат и такви опции. Пример, случувањето во Неготино и сите тие што требаше да ги видиме во Битола. Не треба да заборавите она што значи негативен оддек од наша страна, доколку постои одговорност од Бајатова и од министерот ќе ги сносат последиците, но не треба да заборавите господа дека вие сте апсолутно инволвирани преку вашите кадри во Неготино за потпалувањето на состојбите, за што ќе говорам покасно, вмешани ваши општински раководители, ваши лекари тесно поврзани и род-бински, со тие што беа пушкачи на настаните. Мора и за тоа да проговориме отворено.

Вие господа манипулирате со македонските ученици и со македонските деца. И минатиот пат спомнав, овде ратификувавме конвенција за заштита на децата, европска конвенција господо за која и вие гласавте. Вие направивте злоупотреба преку вашите партиски кадри, преку тие тројца професори, знам дека едниот е инороден, не е македонец, кој доаѓа овде да ги злоупотребува македонските деца.

Околу присклушкувашето господине Поповски, само колку да ве потсетам јас како член на таа комисија имам покренато иницијатива на Комисијата да продолжи расправата но со дополнителни аргументи, ако се "аргументи", она што господинот Црвенковски го презентираше на Трајковски во вид на аудиокасета и пишани документи кои ги немаме видено, така да ќе имаме време и овде да проговориме поблиску за прислушкувањето. Не треба да се секирате дека таа точка нема да е на дневен ред и ќе проговориме максимално отворено.

Убиства и обиди за убиства. Само ќе ве потсетем на низа неразјаснети убиства после атентатот на Киро Глигоров, во времето на вашето владеење. Последното беше мислам госпоѓата која е најдена на железничката пруга во Горче Петров од аналитичкиот центар и Центарот за испитување. Војната како алиби за насилство. Мислам дека ваквите тврдења не само што не држат вода, туку и посериозен политичар не би ги изрекол сите овие работи кои ги изрече овде.

Една интересна забелешка со државни средства ги тепаат децата во Неготино. За секоја осуда е доколку навистина влегле рекетари и тука правната држава мора да профункционира, но исто така за секоја осуда е професорите, претпоставувам дека господинот Илија ќе се јави но ние сме спремни да проговориме отворено, затоа што ова е народен парламент и она што значи ваша вистина вие ќе ја кажете, она што значи наша вистина ние исто така ќе ја кажеме. Нема ништо апсолутно да премолчиме. И добро е што дојде една ваква точка на дневен ред. Едноставно да ги отвориме работите и да ги разголиме пред македонската јавност кој е нашиот начин на работа господа. Не резате од ништо само да дојдете на власт, во случајот правите злоупотреба на децата. Се надевам дека таква реприза доколку се случи некаде исто така ќе ви се препише вас, а имавте такви обиди во Битола според она што значат посебните сознанијг обелоденети во електронските и пишаните медиуми во Македонија.

Кога говориме за политичко рекетарство провејува на некој начин низ целата дискусија она што значи интерпелација на владата, јас така сватив. Кога говориме за политичко рекетарство господа мора да кажам една работа, фала му на бога памтењето сеуше ме служи, ќе ве вра-там во 1994 година - кој е тој што го воведе политичкото рекетарство во Македонија кое е за секоја осуда. Господа вие го воведовте со настаните во Хардрок....

(За реплика ли се јавивте некои од пратениците на СДСМ)

Да, реплика, реплика, многу кратка и коректна, не безозбразна. Коректна како колега према колега. Вие господо воведовте политичко рекетарство со кастаните во Хардрок,а кој беше организаторот? Господинот дијагонално лево од мене Лазо Китановски алијас Лаки Трајк. Да господа вие во тој период насилно ги амнестиравте од Идризово да ви послужат во политички цели. Тоа е факт. И тоа фала му на бога што сите овде го памтиме, претпоставувам дека и македонските новинари добро го памтат кој на големо пишуваа за таа работа.

Јас овде ќе прекинам, ќе се пријавам за дискусија и сакам да ми реплицирате, да ми дадете шанса повторно да се вратам некои други работи отворено да ги продискутираме. Мислам дека работата е утната, немаат тежина вашите обвинувања, затоа што не држат вода, затоа што Неготино е продукција на вашите општински комитети и вашата партиска стратегија. Овие не се планови А, Б, Ц, Д и Е, овие се планови но од помал карактер.

**ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:**

Благодарам на пратеникот Флоровски...

**АЛЕКСАНДАР ФЛОРОВСКИ:**

Се извинувам, но заборавив, не се работи за молотов коктел, туку се работи за шише кавадарка, кое вие господа го претварате во молотов коктел. Очигледно вашите пироманскиамбиции не се упатени на право место.

**ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:**

Има збор пратеникот Жарко Караџоски.

**ЖАРКО КАРАЏОСКИ:**

Репликата ќе ја дадам од името на пратеничката група, со однсно дека овде е споменувана партијата и би сакал да реплицирам во тој правец.

Прво, господине Поповски, вие изнесовте многу инсинуации, многу обвинувања на адреса на владеачката партија што директно би значело на ВМРО-ДПМНЕ. Јас со право се прашувам од каде ги најдовте овие податоци. По се изгледа дека би било добро да ја обавувате функцијата јавен обвинител со оглед дека нашите јавните обвинители и заменици ги немаат овие податоци. Можеби во некоја идна влада би можеле да бидео министер за внатрешнир аботи, затоа што побрзо ги наоѓате доказите отколку, да речам нашиот министер. Да се каже една реченица во која што се вели-припадниците на владеачката партија фрлале молотов коктел врз просториите на СДСМ во Охрид. Јас незнам од каде го најдовте овој заклучок, од каде го извлековте и врз основа нашто.

Прво, се поставува прашање дали воопшто е фрлен молотов коктел на просториите на СДСМ. Еве да ви покажам, имаме фото документација

(покажува фотографии кон пратениците)

ги имате можеби и вие, а може и да ја проверите, па ќе видите кој прозорец е погоден дали е на ресторанот,или на просториите на СДСМ. Тоа треба да го утврдите. Тоа е една работа.

Втора работа, вие споменавте дека припадници на владеачката партија. Господине Поповски ве молам кажете го кој е тој од владеачкатг партија што го фрлил молотовиот коктел, или да ве потсетам на нешто друго. Ако имате такви сознанија според кривичниот закон, Законот за кривична постапка, вие господине Поповски сте должни ако имате сознанија да ги пријавите во надлежносто Министерство, да не ја попречувате истрагата, туку напротив да ја усмерите.

(Дофрлување од место на некои пратеници)

Не треба да го викнеме Ставре, туку имате обврска како сведок кој што ги знае податоците да појдете таму. Тоа е по однос на молотовиот коктел.

По однос на наводите кои што ги споменавте за Прилеп, за бистие и споменикот на Дабнички завој пак ќе се вратиме на истото. Јас незнам од каде ви се вас податоци дека тој  споменик на Дабнички завој е со сила турнат при што е пукано со огнено оружје, иживљавано и тн. и тн. Во официјалниот извештај кој што ни го достави Владата преку Министерството за внатрешни работи апсолутно не се најдени траги на огне но оружје. Незнам од каде вие ги јајдовте. Можеби бевте на лице место? Можеби некој од Прилеп ви пренесол...

(Уфрлување на некои пратеници од место).

Ќе ми реплицирате господине, оставете ме да завршам.

**ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:**

Ве молам не дофрлувајте зборови од место.

**ЖАРКО КАРАЏОСКИ:**

Очигледно е господине Поповски дека овде искажувате некои искази кои немаат блага врска со она што е кажано во информацијата. Мора да ве потсетам, ако имате вие ваша информација дајте да ја разгледуваме вашата информација. Со оглед дека вие барате информација од Владата јас вакви податоци, вакви наоди не гледам. Пак ќе повторам едно да ви биде јасно. По однос на настаните во Прилеп. И бистите се откриени и сторителите се најдени. Посочено е во информацијата кои се виновниците и од каде сега вас ви иде тврдењето дека тоа е монтирано од владеачката партија. Јас ви кажав друга солуција. Дека тоа е можеби монтирано од вас да се обвини некој друг. Ајде да го докажеме, како ќе го докажеме? Многу е лесно да се шпекулира, да се каже на парламентарната говорница и затоа господине Поповски јас и во уводниот дел кажав дека треба да разграничиме што е кривично правен аспект, што е работа на истражни оргг ни, а што е работа на Парламент.

За да зборуваме за политичка одговорност, за инволвираност на политичка партија, владеачка или опозициона, треба да имаме аргументи поточно утврдени факти или некој друг конкретен документ. Вака можеме да си шпекулираме до утре сабајле,

да си се обвинуваме еден со друг меѓутоа суштината е токму тука. А неодговорно е да изнесувате докази кои апсолутно ги кема. Тоа подлежи, ако не знаете и на кривична одговорност, лажен исказ.

**ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:**

Благодарам на пратеникот Жарко Караџоски.

Процедурално за збор се јавува пратеникот Александар Пандов.

**АЛЕКСАНДАР ПАНДОВ:**

Господине потпретседателе, јас би ве замолил вас, а таа пракса ја почна претседателот на Собранието господинот Стојан Андов кога ќе се пријави дискутант и имаме точка на дневен ред, за која што гласавме дека нема да биде проширена, а таа е Информација за случувања и употреба на насилство во Неготино, Теарце, Прилеп и Охрид. Во оваа точка јас никако не можам да пронајдам каде би можел човек да дискутира за прислушкување, а притоа истиот тој дискутант да не биде прекинувам за тоа за што говори. Не го гледам спојот со Неготино, Теарце, Прилеп и Охрид. Потоа насилство на избори. Исто така не можам да го пронајдам. Не дека неможеме ние да дискутираме, но тогаш треба да се договориме да имаме таква точка - прислушкување или насилство на избори, или можно насилство на избори. Или пак државен тероризам во Собра-нието, па што правел и како претседателот на Законодавно-правната комисија. Вака ние се доведуваме во незгодна ситуација и ние да го кршиме деловникот, да дискутираме за нешто што не е точка на дневен ред.

Јас би ве замолил да се обратите до пратеничката група на СДСМ, затоа што они тоа како пракса го воведуваат и ако се договориме да дискутираме за што сакаме, затоа што изборна година е и затоа што сега со нас како политичари и политички партии ни е потребен политички маркетинг да се договориме и да знаеме да дискутираме за се. Ако дискутираме за Информацијата за случувањата во овие четири места, тогаш би ве замолил како претседавач на оваа седница да им укажувате на наредните дискутанти дека не смеат да излегуваат надвор од точката на дневен ред.

**ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:**

Благодарам на пратеникот Александар Пандов за овие забелешки и сугестии. Се надевам дека не само пратениците од СДСМ, туку сите пратеници кои се во салата, а кои ќе бараат збор да не излегуваат надвор од дневниот ред. Се надевам дека тоа ќе го почитувате.

За реплика се јави господинот Никола Поповски.

**НИКОЛА ПОПОВСКИ:**

По повод тоа од каде ние ги имаме информациите би сакал да го соопштам следното на господинот Караџоски.

Ако јас ги читам само информациите што ми ги доставува неговата Влада и јас ќе треба да сум најсреќниот човек што живеам под власта на Љубчо Георгиевски и ВМРО-ДПМНЕ, затоа што по тие информации беше мед и млеко. Проблемот е што тие информации се исто така нецелосни.

**ЖАРКО КАРАЏОСКИ:**

Господине Поповски многу сум изненаден од вашиот исказ кога велите - од неговата влада. Значи ли тоа дека оваа влада не е ваша. Јас колку што знам Владата на РМ е Влада на сите граѓани на Република Македнија. Можеби за вас не е. Но друго да ве прашам.

Ако вие не верувате на исказите, на информациите на овластените институции, особено МВР тогаш да не имате вие некоја паравоена институција, некоја друга институција која ви дава информации? Параполициска и тн. Можеби имате некоја паралелна која вас ви сервира едно нас друго. Незнам, бидете прецизни. Јас и од говорница ве повикав. Господине Поповски ако имате вие некои други сознанија дајте ваша информација, да ја разгледуваме таа, да не веруваме во онаа за кој велите дека е наша влада, бидејќи не е по се изгледа ваша.

**НИКОЛА ПОПОВСКИ:**

Во овој случај Владата е токму само ваша, да беше на сите нас информациите кои ви ги доставува во вид на фотодокументација од Архиват на МВР ќе беа достапни и на мене. Со оглед дека МВР доставува информаци: само за оние кои гласаа за министерот за внатрешни работи и за владата а за оние кои се во опозиција не доставува имам сериозни индиции да соопштам во ова Собрание дека во овој случај Владата се однесува како ваша и нема ист аршин спрема сите пратеници. Настрана што тоа е спротивно на законите на РМ, меѓутоа мене ми е одамна јасно дека во оваа политичка држава под команда на Љубчо Георгиевски и неговиот имењак тоа станува нормална ситуација и токму затоа денес ние расправаме за ваквите видови на насилство.

**ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:**

По трет пат се јавува пратеникот Жарко Караџоски и последен пат.

**ЖАРКО КАРАЏОСКИ:**

Во оваа полициска држава под раководство на господинот Љубчо Георгиевски бевте и вие коалиционен партнер на оваа влада.

**ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:**

Да одиме по ред.

За збор се јави господинот Томислав Стојановски.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Колеги, дел од моето излагање како реплика ќе биде и на колегата Пандов да се држиме за она што го утврдивме како дневен ред и тема на разгозор. Тоа се тие четири настани крстени од господинот Поповски како државен тероризам. Би останал и го почитувам зборот на Пандов, меѓутоа при излагањето, бидејќи тоа беше нивно барање да се закажи оваа седница, да се расправа по инфорамција на Владата ќе си дозволам и себе да не се почитувам по тој дел да направам една дигресија, да истапам од темата на она што треба да разговараме.

Знаете ли дека криминалот не се раѓа. Тој се создава. Да ве потсетам на далечната 1990 година кој ги расфрлаше бугарските летоци.

(Тито Петковски од место - јас)

Да ти. Точно е. А мислите дека признанието е голема сила. Знаете ли еднаш што вика. Сите викаат. Признај пола ќе ти се опрости. Меѓутоа, има уште една друга завршница. Признато дело метак во чело. Дали го тоа избравте некој да убиете. Со фрлање. Тоа е едно.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**
(ПРОДОЛЖЕНИЕ)

Кој ги растураше летоците? Па господин Тито Петковски. А кои му беа потрчковци? Па Никола Поповски, му купуваше и му носеше бурек. И сега одеднаш пораснал и да биде рекетар. Понатаму што се случи? Овде имаме едно јасно изјаснување. Се јави еден насилник и вика, под име Ванчо Горгиев: јас дадов по 100 марки на оние кои ќе учествуваат да го запазат редот при гласањето во Охрид. Зарем тоа не е насилие? Понатаму, имавме еден затвореник син на бивш пратеник Алил Џаферовски. Неговиот син беше затворен за еден килограм хероин. Љубомир Поповски тогаше и сегашен пратеник искрши државна кола за да го изва-ди од затвор како раритет во криминал на продавање на дрога. Зарем тоа не е насилие, зарем тоа не е историјат? Па дозволете една работа. Говорам како настанува и се создава криминал. Затоа го велам и тоа: ќе отстапам. Ова се четирите основни сознанија кои сакам да ви ги доставам како сознание и како знаење од каде потекнува наречениот криминал - државен, меѓутоа на СДСМ. Тие се извршители. Тие доведоа едно дете од Кочани во Охрид кое настрада и сега остана траен инвалид. Зошто? Затоа што во него беше пукано по нивно укажување, од 200 метри растојание од бандитите на ВМРО. Меѓутоа, метакот влегол на растојание пократко од 30 см. Значи, кој бил до него на растојание од 30 см., дали бандитите на ВМРО, или бандитите на СДСМ, тие што го доведоа. Меѓунас има еден човек кој го тепале наводно на избори. Даде здрава рака да снима само дека е повреден. И тоа не е? Имаме еден пратеник, односно министер во тренерки кој однесе 10 милиони марки. Не го познаваат кој е. Имаше еден премиер кој прогласи октопод во неговата влада, пак остана на чело на таа влада, само сега за жал е во сенка. Веројатно и никогаш нема да излезе од таму.

**ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:**

Има збор Ѓулистана Марковска.

**ЃУЛИСТАНА МАРКОВСКА:**

Почитуван господине потпретседателе, јас навистина ве молам да го сочуваме дигнитетот на Собранието. Навистина темата е таква широка, меѓутоа и строго концентрирана со добар наслов кој што не фокусира на настани во Прилеп, Неготино, Теарце и Охрид. За тоа гласавме да нема соопштение. Ако вие како претседавач и ако еве некој од предлагачите ја проширувaат темата на слободен состав, насилството во Република Македонија. Има многу што да се зборува, меѓутоа сметам дека парите на граѓаните на Република Македонија за што постојано сме обвинувани од нашата десна страна ќе бидат залудно потрошени, бидејќи многу ќе зборуваме, а ништо нема да докажеме. А ако целта на ова Соб-рание е да зборуваме со факти, со аргументи, јас навистина ве молам вас, бидејќи вие ја водите седницата, да ги прекинувате, или отстранувајте од говорницата без оглед дали се работи за наши пратеници, или пратеници од СДСМ, сите оние што зборуваат вон темата. Меѓутоа, и ве молам воедно, тоа не го рекоа господата кои што претходно дискутираа да мене, вас, меѓутоа и сите нас пратеници во ова Собрание да не заштитите од сите оние кои што не нарекуваат државни терористи. Имено, тоа се случи со првиот дискутант, со

координаторот на пратеничката група. Тој не нарече во својство на пратеници, државни терористи и носители на закони со бројка од 40. Доколку има такви информации, ве молам истите нека ги документира, истите нека ги истакне и нека ги докаже. Меѓутоа, во спротивно, јас, верувајте и целата пратеничка група одбиваме да седиме во Собрание со луѓе кои што нас не нарекуваат априори државни терористи заради тоа што тоа на нив им се допаѓа.

**ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:**

Мислам дека исто вака интервенираше процедурално и господинот Александар Пандов. Така што сметам дека се разбравме и верувам дека нема никој од пратениците да излезе надвор од точката која ни е на дневен ред.

За реплика се јави господинот Благој Ханџиски.

**БЛАГОЈ ХАНЏИСКИ:**

Господине потпретседателе, сосема накратко. Мислам како да не сме свесни за колку сериозни прашања расправаме, за тоа на какво дереџе се наоѓаме и сите ние и државата во целина. Јас смислата на денешната расправа ја гледам само во тоа дали ќе смогнеме сили реално да ги насликаме овие нови македонски црнила, да укажеме на нивната генеза, на нивните носители, на застрашувачките последици од нив и на тоа дали Македонија ќе има сили, зборувам за заеднички сили сега додека се уште не е предоцна да се справиме со тие појави. Меѓутоа, од неколкуте дискусии на претставниците на коалиционото мнозинство што ја поддржуваат Владата, што гласаа за Владата која што директно ги генерира таквите настани, можеше да видиме веќе на почетокот со каква леснотија се из-вртуваат настаните и со тоа се смета дека сите проблеми врзани за нив за последиците што ги носат едноставно се разрешени. Читајќи го оригиналниот извештај од МВР ќе се каже полу вистина, ќе се премолчи тоа што е најзастрашувачко и тоа што може да има катастрофални последици и со тоа ќе сметаме дека проблемот сме го решиле. Затоа си земав за право иако сите сте го читале и сите го имате, за јавноста и за тие што го пишувале пред се министерот кој што го има потпишано во информацијата да прочитам точно што пишува за шишето "Кавадарка" кое што било фрлено на прозорецот од првиот спрат во ресторанот "Сердар" во Охрид. Овде дословно пишува, а беше кажано дека е фрлено обично шише на "Кавадарка". Објектот во кој е лоциран ресторанот "Сердар" се состои од подрумски простории и два ката. На првиот кат се наоѓа ресторанот "Сердар", а на вториот кат се сместени канцелариите на Општинскиот комитет на СДСМ во Охрид. На првиот кат има три прозорци со дупли стакла. На средниот прозорец скршено е надворешното стакло. Помеѓу двете стакла пронајдени се остатоци од скршено шише со вино "Кавадарка". И тоа е тоа што досега дискутантите го кажаа. Понатаму, се вели, додека на надворешниот дел на касата од прозорецот е пронајден горниот дел од шишето со протната платнена крпа во него која не е запалена. Сосема спротивно од тоа што се сака да се каже дека било фрлено обично шише на "Кавадарка", затоа што станува збор за шише подготвено за молотовиот коктел. Од пронајдените остатоци од шишето се чувствува мирис на нафта. Мислам дека е точка на се она што беше кажано дека е инсинуација, дека е шпекулација, не знам од какви потреби од страна на СДСМ кои што минатиот пат сметаше дека е депласирано да се продолжи со расправата по точките од Осумдесет и осмата седница, затоа што со тоа ќе се солидаризираме со тие што на невиден варварски начин претпеаа 17-тина малолетни ученици и ученички, а не со тие кои што беа тепани од страна на лугето кои што министерот одговорен за состојбите во образованието ги нарече пријатели на директорката и луѓе кои што дошле да и помогнат, а тие што беа тепани ги идентификуваше и ги именуваше како да се терористи. Ако на ваков несериозен начин од почетокот и се посветиме на оваа расправа ништо нема да придонесеме кон тоа што се очекува од нас. Да се обидеме заедно да ставиме точка во зародиш на сето тоа што Македонија навистина ја носи кон стран пат, што ја носи кон едно однесување кое што ако го гледате поединечно како што спомена колегата Пандов, насилство Прилеп, насилство во Тетово, насилство во Скопје, насилство во Неготино, можеби и нема таква тежина. Ама ако сето тоа го соберете и ако имате во предвид дека секој ден ни се случуваат такви скандали и ако од тоа произлегува дека тоа оди кон еден систем на владеење. Тогаш сите треба да знаеме дека сме исправени пред сериозен предизвик, дали ќе имаме храброст да и погледаме на вистината во очи и дали ќе имаме храброст да донесеме соодветни заклучоци кои што извршните органи и институциите на државата и пред се Владата ќе ги спроведат во пракса и ќе прекинеме со ова зло хое што нанесува страотни последици на внатрешен план, но и на

меѓународен план по угледот на државата, затоа што веќе извештаите за застој во демократските процеси, за повреда на основни човекови права, незаконие, корупција, криминал секојдневно почнаа да излегуваат од оваа држава спрема метрополите во Европа и спрема центрите на меѓународните институции. И едни такви извештаи веќе му беа ставени под нос на нашиот претседател за време на неговата посета во Вашингтон. Состојбите се пресериозни за да со таква леснотија ги заобиколуваме вистините за тоа што ни се случува.

**АЛЕКСАНДАР ПАНДОВ:**

Репликата ќе биде затоа што бев спомнат. Би сакал да реплицирам на она како, со која леснотија сум ги кажувал случаите кои што се случија во Неготино, Теарце, Прилеп и Охрид. Јас тоа го прочитав како информација. Така е формирана точката на дневен ред. Леснотија не гледам во тоа, јас гледам опасност, затоа што се случи криминал. Но, криминал секој ден се случува, еве јас побарав од колегиве, секој ден има црна хроника и вели вака: ограбувал куќа и фирми па пукал во оштетените. Па тоа е криминал. Тоа што пукал за мене е уште поголем криминал од кражба на биста, обвинетите не биле терористи ама ќе одат во затвор за оружје. Анонимниот јавувач е рекетар, тврди сопственикот на менувачницата. Значи, секој ден ние кога ги отвораме дневните весници и во рубриката црна хроника ќе прочитаме дека се случиле еден куп насилства и криминал кои што се случиле. Ниту успеал некој министер за внатрешни работи ниту ќе успее да го отстрани тој криминал во било која држава, па и во Република Македонија. Сега ние зборуваме за конкретни настани. Ќе ми извкните господине Ханџиски, или господинот Поповски, ама многу повеќе верувам на Министерството за внатрешни работи кога тие тврдат дека фленото шише било шише со вино "Кавдарка", ама шише вино и дека е фрлено од за мене недоиспитана работа, затоа што не е откриено кој е фрлачот. Јас се сомневам дека некој и од вашата партија тоа го направил за да исценирате сега тука, не змам дали е Илчо, ама некој фрлил можеби од вашата партија. Вие кога ќе имате име и презиме и кога ќе можете со сигурност да тврдите дека тој и тој е госпо-динот што го фрлил шишето, кога ќе имате основано сомневање, односно потврда дека тој е од ВМРО-ДПМНЕ како што тврдите, тогаш да разговараме така. Вие вака имате случаи, некој фрлил шише со вино "Кавадарка", го скршил шишето, можеби е незадоволен, затоа што Бучковски кога вработи 700 луѓе во Министерството за одбрана, на тие списоци не се нашол и тој, или бил, па бил отфрлен после. Можеби е некој ваш незадоволен член. Исто така, не можам да се сложам дека е државен тероризам, не знам колку беа таму четворица, ама веќе фатени роми украле бисти во Прилеп. Јас се сложувам со вас дека е тоа криминал, дека тоа е за секаква осуда, дека тоа не е добро затоа што се работи за револуционери, народни херои на Република Македонија кон кои што и јас и мојата партија имаме света должност да ги чуваме. Јас се консултирав со Министерот за внатрешни работи, ми кажа дека физички не е можно сите бисти, пред секоја биста да стои еден полицаец и да ги чува. Сега вие ако тоа го нарекувате државен тероризам, имаме ние тука судир на размислување. Јас тоа не го гледам како државен тероризам. Имало апаши, бандити, криминалци кои што краделе, кои што виделе во тоа дека ќе остварат некој кеш, биле фатени, вратени се бистите. Што повеќе да направиме ние и каде тука вие го гледате државниот тероризам. Јас исто така не можам да го наречам државен тероризам што некој гос-подин сега ќе ми извини Павле Тодоровски, или како се презиваше, кој што бил претепан во Теарце од страна на албанци, докажано е дека биле албанци во униформа. Ниту викам дека се од УЧК, ниту од ОНА, од АНА, не знам од каде. Тврдење е на човекот дека тие биле албанци. Значи, имало претепување и пред тоа. И сега се надевам дека ќе нема, ама тоа имало и ќе има. Вие тврдите дека Министерот за внатрешни работи и премиерот во соработка со терористи претепуваат луѓе по селата. Имаше еден куп такви случаи пред тоа кога ние вриштевме дека тоа е за осуда, не знам што треба да правиме, вие велевте, добро, тоа не е некој проблем. Сега од еден таков случај кој што е повторно ќе кажам за максимална осуда, цела партија тоа го осудува, ангажирани се колку во таа област можат да работат Министерството за внатрешни работи за откривање на сторителите и тоа е дискутабилно. Но, ангажирано е Министерството, ќе ги фати сторителите и ќе бидат изведени пред лицето на правдата. Каде вие тука гледате државен тероризам? Државен тероризам да, ако вие имате основани докази дека министерот за внатрешни работи во соработка со нив, или премиерот како што тврдите го нарачал тоа тепање. Сето останато јас го гледам како општ обичен политички маркетинг. И

повторно ќе ви кажам, ако е тоа намерата, дајте да си спремиме говори па да си направиме како мислиме, што замислуваме, што предвидуваме во наредниот мандат да спроведеме. Вака е глупо. Оваа форма која што ја правите е многу невкусно.

**ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:**

За реплика се јави господинот Жарко Караџоски.

**ЖАРКО КАРАЏОСКИ:**

Ке реплицирам на господинот Ханџиски затоа што овде го читаше извештајот од МВР по однос на својството на експлозивната направа, би ја наркол така. Мислам дека тоа се однесуваше на мојата дискусија господине Ханџиски, јас воопшто не ја спомнав експлозивната направа, ниту сакав да кажам дека тука постојат инсинуации и не знам што. Меѓутоа, јас ќе ви ја повторам реченицата од дискусијата на Никола Поповски. Тој кажа, припадниците на владеачката партија фрлале молотов коктел врз просториите на СДСМ. Тоа се три елементи кои го сочинуваат кривичното дело. Значи лоциран е виновникот, лоцирано е средството со кое е извршено кривичното дело и лоциран е објектот. Кога кажав дека постојат инсинуации од неговиот исказ кажав за двете работи, за двата елементи. Кажав за лоцирање на виновникот, велат припадници на владеачката партија. Никаде во извештајот не стои дека е најден сторител, туку кривичното дело е поведено против непознат сторител, што не е непознато во Кривичниот закон. И друго, спорно е објектот. Ја добивте документацијата, фото документација од каде може да се потврди дека тој молотов коктел удрил во просториите на СДСМ каде што вие добро го опишавте, подрум со два спрата, а шишето е најдено во оној дел каде што припаѓа на ресторанот. Според тоа, ако зборуваме за инсинуации, јас зборував за тој дел. И пак ќе кажам, ова не е судница, има кој тоа да го оформи, ако веќе зборуваме за кривично правните елементи.

**ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:**

За реплика се јави господинот Димитар Бузлевски.

**ДИМИТАР БУЗЛЕВСКИ:**

Има еден проблем кој во Македонија веќе прераснува во трагедија. Тоа е како ВМРО-ДПМНЕ ги објаснува дејствијата и како скоро сите од ВМРО-ДПМНЕ со еден ист код размислуваат околу работите кои се случуваат во Република Македонија. Оттаму не ми е чудно што толкава агресивност се појави на самиот почеток на седницата се со цел да се ублажи една немила состојба во Република Македонија која ние од нашата партија ја нарековме државен тероризам.

Не ми е чудно кога ќе се присетам како првиот човек од таа партија на нашите забелешки овде во овој парламент го има истакнато на 21 февруари 2001 година следното. Цитирам:

"Најпрвин постојано се обвинува МВР или Министерството за одбрак дека недоволно се активни.(Се мисли од СДС се обвинети). Во моментот когг истите тие органи ќе печекорат свои овластувања, па со недели трае обратната кампања зошто ги пречекориле своите овластувања. Едноставно што и да се направи од основните столбови на безбедноста на РМ, дали МВР или МО тоа е подложно на месеци со критики. Едноставно и на оваа страна да се тргне ние имаме критика и тоа критика токму на оние (го потенцирам) суштствени елементи на безбедноста на оваа држава и на граѓаните во оваа држава. Нормално само ќе дополнам еве деновиве ако ги слушнеме некои медуми кои се под контрола на СДСМ ние утре треба да тргнеме во војна. Таква е атмосверата. Ако ги анализираме денеска медиумите на СДС слободно можеме да констатираме дека се наоѓаме во предвоена хистерија и дека утре треба да тргнеме со борбени коли, тенкови едноставно да се бориме".

Господа пратеници ова го кажа нашиот премиер на РМ на 21 февруари 2001 година. Два дена потоа беше Танушевци. Која беше хистеријата што тогаш го нападнавте СДС во ваков стил...

**ИЛИЈАЗ ХАЛИМИ:**

Не навлегувајте сега во Танушевци или на Шара имаме конкретно на дневен ред Неготино, Прилеп, Охрид и Теарце.

**ДИМИТАР БУЗЛЕВСКИ:**

(Пратеници од место прашуваат на кого е репликата).

На сите вас од вашата група. тој код на размислување е така всаден во вашите глави што се што се кажува од СДС е со тенденција т.е. борба на СДСМ за да се зграби власта. Не. Вие овде кажувате, г-нот Флоровски, кажува доколку децата биле тепани, тоа дословно го кажа. Г-динот Флоровски може да прочита во информацијата дека децата биле тепани. (дофрлуваше од место од г-динот Флоровски). Ти рече доколку биле тепани а не само да го слуша министерот кој тие деца ги поисповетува со незнам кои деца и дека

тие деца биле изманипулирани на ист начин како што биле и другите деца изманипулирани. Не г-да. Ние имавме состојба во Република Македонија 15 иљјади средношколци беа излезени на улици во време на владеење на СДСМ во оваа држава и ни едно дете не беше тепано (реакција од место), а излегоа 20 дечиња и 20 дечиња ги претепавте.

**ИЛИЈАЗ ХАЛИМИ:**

Ве молам, немојте да дофрлувате од место, јавете се, ќе земете збор, било реплика,

Господинот Флоровски се јавува за реплика.

**АЛЕКСАНДАР ФЛОРОВСКИ:**

Ме спомна г-динот Бузлевски.

Реков доколку се тепани, јас немам видено, но имајќи го предвид што се се сервира преку медиумите и едните и другите јас како сериозен човек додека не видам на ништо не верувам, такви се времињата, за жал, особено она што вие г-да го пласирате преку вашите медиуми, за што морам да признам дека сте доволно умешни и морам да ви честитам како СДСМ, а ние како ВМРО ДПМНЕ не покажавме апсолутна слабост на тој план, одлично играте, тоа морам да го признам јавно за да ние извлечеме поука како политичка партија. Илија, ние сме пријатели, па не би сакал вака да се расправаме, без разлика што овде имаме политички разномислености.

Говорам за медумите под контрола на СДСМ како што е Утрински весник, Македонија денес, низа електронски медиуми, преку кои секојдненво пласирате она што сакате да го пласирате. Не треба да ме гледате толку бледо, тоа е факт, сите во државата го знаат.

Прво, македонските деца јас како Флоровски, никогаш не можам да ги поистоветувам со терористи затоа што тоа не се. Јас говорам во името на Флоровски, јас не сум министер, говорам за обвинувањата кои ги спомнавте овде и на кои морам да реплицирам.

Ми падна нешто интересно не забелешка, туку факт кој г-динот бузлевски, овде го презентираше, а тоа беше цитат од говорот на премиерот Георгиевски на 21 февруари, па сега се прашувам од каде медиумите под ваша контрола знаеа дека ќе се случи Танушевци? Од каде медиумите под ваша контрола, па се прашувам која е вашата инволвираност во тие почетни настани. Можеби од оваа позиција изгледа смешно, но моите размислувања одат во еден сосема друг правец и на тоа имам право и не може никој да ми забрани така да размислувам. Може да се смеете колку сакате господа, но не може да ме убедите во вашите чесни намери, затоа што вашите карактерни особини премногу добро ги познавам. Ако треба преку трупови само до власт да се стигне. За жал, сите негативни човечки особини кои може да ги има еден човек ги имате сублимирано во Вас господа од СДСМ, чест на ретки исклучоци но, дека грото од вашите луѓе она што значи етаблиран човек на СДСМ или раководство на СДСМ воопшто не ви е туѓо дури имам чувство дека би не отпишале како македонци нас и ќе владеете со било кој само да сте на чело на државата, па ако треба и десната страна на Вардар ќе ја подариме, но ќе бидеме петли на буниште од левата страна. Тоа чувство како Флоровски го носам, за жал, многу поодамна, а бев може би еден од ретките кој застана зад она што значи влегување на СДСМ во заедничката Влада пред заедничкиот непријател. За жал господа очигледно дека сум погрешил и во тоа сопствено инсистирање ќе се извинам пред се пред членството на ВМРО-ДПМНЕ и на македонската јавност зтоа што очигледно сум погрешил, сум застапувал погрешна политичка опција. Ништо вас не ве интересира ни македонштина, ни држава освен борбата за гола власт.

Уште енаш ќе кажам сеуште размислувам од каде македонските медиуми пред време знаеја дека ќе се случи Танушевци и таа меѓуетничка војна. Ако не беше пласирана од некои ваши може би параполициски структури, да, да, г-дине Китановски, вие важите за човек кој ги држи буквално конците на сите тие збиднуваша во СДСМ.

**ИЛИЈАЗ ХАЛИМИ:**

Ви помина времето.

**АЛЕКСАНДАР ФЛОРОВСКИ:**

Не би одолговлекувал повеќе, сега за сега толку, ќе се јавам повторно за дискусија.

**АЛЕКСАНДАР ПАНДОВ:**

Се јавувам за рвплика, па потоа г-диног Бузлевски може да ни реплицира на двајцата.

Благодарам потпретседателе,

Јас сосема накратко имам да му реплицирам на г-динот Бузлевски имено, он е прв член на СДС кој што собра храброст да каже дека на тие студентски протести не излегле 1000-2000 деца, ученици, туку излегоа 15 илјади, и друго господине

Бузлевски, само да ве потсетам на вашите методи, сега не е тука до пред месец-два колега наш пратеник, конзулот Филип Петровски, па имавме чест, имавме задоволство,да го читаме неговото досије, кое што 60 страни доста грижливо сте го собрале, односно службата за државна безбедност и контраазузнавање, токму за време на тие студентски протести. Вие, вашите средства биле за секоја чест мислам, не сте извадиле пендраг да тепате, никој не го тепал, Петров, не е тепан, ниту Пандов, ниту Филип, нити било кој од тие, но затоа сте земале сте направиле брижливо досие од 60 страни како да е државен непријател број 1 и второ, имавме можност да го читаме тоа досие, мислам дека беше објавено во Македонија денес, со какви не методи, со местење на девојки за да подметнат дрога, дека Филип е наркоман, па испитување на фамилија, и кој не, само затоа што се дрзнал против тогашната министерка Софија Тодорова да прави студентски протести. Дали се тоа демократски методи, а во тоа време да ве потсетам вие бевте потпретседател на Владата на г-динот Црвенковски и знаевте, сега да не ве потсетувам од каде и како за тоа дека е следен, правени се обиди да му бидат наместени кривични дела. Вие сами ми зборувате за демократија, а око не ви трепнува како тоа некој се осудил, јас повторно ќе кажам со цела одговорност дека 100% сум уверен, незадоволен член затоа што Бучковски не го вработи во Министерството за одбрана, а 700 луѓе успеа да вработи, не успеал токму тој член, видел човекот земал флаша недопиена кавадарка и ја фрлил во вашите партиски простории. Како вие тоа го докажувате, внимавајте вие сте полициска држава, пендрек држава, на 24 години во тоа време имаше Петровски цела служба за државна безбедност и контраразузнавање сте активирале да го следи, 60 страници досие сте собрале, а сега збо-рувате за демократија. Вие во тоа време, еве г-динот Црвенковски се докажал каков е, но вие бевте потпретседател на Владата, вие бевте информирани дека тоа го прави државна безбедност и контраразузнавање. Што преземавте? Ништо. Сега тука излегувате вака правеле, онака правеле.

Благодарам.

**ИЛИЈАЗ ХАЛИМИ:**

Му благодарам на пратеникот Пандов,

Има збор сигурно за реплика г-динот пратеник Бузлевски.

**ДИМИТАР БУЗЛЕВСКИ:**

Очекував дека во вториот наврат г-динот Пандов ќе искаже барем еден збор со кој ќе се стави на страна на децата тепани во Неготино, бидјеќи со оглед на младоста што ја има и блискоста до генерациите тоа требаше да го направи. Ме зачудува зошто тоа не го направи. Напротив, Мислам дека има голема разлика во начинот на владеење пред неколку години овој што е сега практикуван од владеачката гарнитура. Самиот факт што и тој е свидетел дека во едни такви тогашни состојби со еден голем набој кој беше видлив на улиците, а зад кои стоеше директно владеачката сегашна гарнитура на чело со премиерот се одржа еден ред и мир и тогаш мислам дека демократијата се унапреди во РМ, без разлика на забелешките кои сега од онаква или ваква природа ги дава г-динот Пандов. Тогаш Македонија имаше испит на демократија и Македонија го положи тој испит на демократијата.

Сега, кога еден подолг период се случуваат немили настани во една гимназија која е толку популарна во Република Македонија и од котч крајниот епилог е малтретирани и психички и физички малолетни деца чудло ми е говорниците од ВМРО-ДПМНЕ што со ни еден збор, барем оние што ги слушнавме во нивните реплики, не кажаа нешто околу тие деца. Затоа реков, кодот на размислување е таков се да се објасни на начин од кој ќе профитира владеачката партија. Работите се поместуваат, се изместуваат и тие пред македонската јавност се објаснуваат на начин на кој сака ВМРО тоа да го прави. Така беше и со рововите и копањето на злато на калето така беше и со знамето и карпите на Шара, но г-дине Флоровски ќе ви кажак вие имавте ваш кадар во Министерството за одбрана кој, колку се сеќава, се презиваше Костески, кој во тоа време до вашиот премиер и нашиот премиер испрати информација дека се подготвуваат вакви и такви активности на поедини подрачја во Република Македонија. Тоа имавме прилика да го видиме на првите страници од македонските медиуми. Оттаму ние беа информациите од каде и вие можевте да ги извлечете, а за кои појави кои се сигнализирани од еден висок државен службеник во Министерството за одбрана задолжен за безбедноста на Република Македонија, моравме да веруваме, па вашиот портпарол кажа дека нема таква информација, вашиот премиер кажа дека нема таква информација за после два дена

излезе од вашиот кабинет таква информација. Оттаму се информациите.

**ИЛИЈАЗ ХАЛИМИ:**

Благодарам на пратеникот Димитар Бузлевски.

За реплика се јави г-динот Александар Пандов.

**АЛЕКСАНДАР ПАНДОВ:**

Благодарам потпретседателе, јас би сакал да го потсетам г-динот Бузлевски за разликата и паралела од тоа време и сега г-динот министер ме информира односно само ми потврди, информацијата протече и во електронски медиуми и пишани и секаде можете да прочитате дека постојат 17 кривични пријави против тие бандити или ракетари како сакате да ги наречеме ќе се согласам со Вас, кои влегле во училиштето, тие влегле во училиштето, па само да викаже по учениците се виновни. Јас ниту во еден момент се обидувам да застанам, а колку тепале не можам да знам. Г-динот Караџоски тоа ви го кажа постојат истражни судски дистанци кои тоа ќе го испитат и кога ќе докажат дека било така како што вие тврдите, тоа ќе го осудиме, но, јас би сакал да ви кажам после неколку дена имаме 17 кривични пријави така? Да ви направам паралела во тоа време и сега, сега една директорка владеела како што владеела најлоша на свет нека била еве ќе се согласам со тоа треба да биде сменета и ќе биде сменета и со тоа ќе се согласам, но вие од тоа правите таков урнебест дека сега не само министерот што треба да поднесе оставка, треба и Владата да падне.

Јас ќе ве потсетам на 15 илјади ученици и студенти месец ипол штрајкуваа пред Собранието, пред Владата, пред студентските домови џумбуз направија но око не ви трепна, а не нешто да и фали на министерката. Значи, 15 илјади, имавме блокаде на целиот образовен систем, имавте наредба да не смее да излезе ученик за време на настава ни на одмор ни на било што, по тоталитарно не можеше да биде, а влакно не и фалеше на минстерката за да биде подоцка по вашето владеење односно на крајот од вашето владеење унапредена во амбасадор во една од скандинавските земји. Сега, која е паралелата г-дине Бузлевски, како можеме да правиме паралели за пред три години и сега кога повторно ќе ви кажам каков обем имало, какво незадоволство сте направиле и во средното и во високото образование и ништо. Од друга страна како реагира Владата на ВМРО ДПМНЕ, јас повторно ќе ви кажам 17 кривични пријави, толку биле луѓето, тоа е потврдено сите имаат кривични пријави, јас незнам како оди тоа ниту сакам да знам, ќе излезат на суд, ќе кажат виновни, невиновни, ќе бидат осудени, се согласувате со мене дека судските инстанци се департизирани, неполитизирани, ако биле виновни, ако тепале, а еве верувам дека направиле грешка штом имаат кривични пријави сигурно се криви и ќе одговараат за тоа. Туак е проблемот што вие сега од таква ситуација, а да не се враќаме на вашата Кавадарка, на ромите кои украле бисти или на терористите кои тепале ветеринар. Вие од тоа барате сменување на комплетна Влада.

Благодарам.

**ИЛИЈАЗ ХАЛИМИ:**

Му благодарам на г-динот Александар Пандов.

За реплика се јави пратеникот Димитар Бузлевски.

**ДИМИТАР БУЗЛЕВСКИ:** (Продолжение)

Имаме, еве, малку напредок во настапите. Мене ме радува што господинот Пандов веќе поинаку ги коментира овие настани. Но колега Пандов, има една голема разлика. Покрај она што го кажав во врска со демократијата, се согласувам дека се поднесени 17 кривични пријави и добро е, добро е што се поднесени. Заправо и тоа е грижата наша, прво да не дојде до таков настан. Во Неготино можело благовремено да се спречи тој настан, ако власта на време реагирала и морало да се спречи, бидејќи, сигурен сум и на вас не ви е сеедно да ги гледате децата, макар што ваши колеги кажуваат дека тоа е глума, дека е лажна претстава. Сепак, станува збор за констатации кои се вградени и во информацијата. Но, сепак треба да имате предвид дека зад таквите настани стои еден ваш општински комитет, општинскиот комитет од Кавадарци, во името на потпретседателот на општинскиот комитет. Оттаму нас не ни е целта на оваа тема да кршиме копја ние како пратеници овде и, како што спомна г. Флоровски, има неколку вистини. На нас низ оваа расправа целта ни е да дојдеме до правата вистина и да најдеме лек оваа држава да излезе од таквите проблеми. Тоа е заложбата.

**ИЛЈАС ХАЛИМИ:**

За реплика по трет пат се јавува пратеникот Александар Пандов.

**АЛЕКСАНДАР ПАНДОВ:**

Господине Бузлевски, јас апсолутно се согласувам со вас дека се она што е нерегуларно во Република Македонија треба да биде осудено. Но, господине Бузлевски јас не се чувствувам за компетентен, ниту сум полицаец, ниту сум правник, на крајот на краиштата. Колку што знам вие сте економист, па немате школска наобразба, сега да ги обвинуваме, да кажуваме кој бил виновен, кој ја фрлил флашата вино во партиските простории на СДСМ. Повторно ќе ви кажам, министерот и Министерството за внатрешни работи излегло со имиња и презимиња на 4 Роми кои имаат дадено изјави дека, заради остварување на материјална добит, ги украле бистите. За третиот случај исто така докажано е веќе, има 5 мина осомничени, по националност албанци кои се осомничени за тепањето на господинот Павле Тодоровски. Сега каде сум јас, каде е господинот Бузлевски, каде е СДСМ. Дали вие се чувствувате компетентни да правите судска и кривична и полициска истрага, да докажувате нешто. Што ви е намерата? Постојано околу тоа полемизираме. Што е смислата на оваа седница, зошто се закажува. Јас не гледам ни државен тероризам ниту ништо. И пред тоа ви кажам и сега повторно ќе ви кажам, отворете било кој весник "Дневник", "Нова Македонија", "Вечер", "Утрински Весник", "Македонија денес", "Фљака", "Факти", ќе видите, сите имаат по една страница црна хроника, 5 случаеви, поаѓајќи од крадење чаша вино до украдените бисти. Сега вие што сакате од тоа да инсценирате не знам каков случај, тоа е друго. Тоа е она каде настанува проблемот.

Околу случајот во Неготино, по не знам кој пат сега, веќе ми е дури страм, сто пати реплицирам. До МВР, има поднесено 17 кривични пријави. Кажете што треба повеќе да направат. Да ги тепаат сега луѓево затоа што влегле во училиштето? Што да им направат? Да ги извадиме како табло, па како што сакаат во црквите да не вадат заради Рамковниот договор, па пред секоја полициска станица. Што да им прават на луѓето, кажете. Има кривични пријави, како иде подоцна постапката ќе се води истрага. Што панатаму да се направи. Ако гледаме пак од друга страна, сто пати паралелно правиме. Знаеме Аце циганот човек уби, а го пуштивте. Ние не. Имаме кривични пријави, тие луѓе тука се. Што треба повеќе да направат со луѓето? Ако имате некоја попаметна идеја, кажете ќе ја направиме и после тоа да кажете, еве нема веќе државен тероризам, со ова веќе сте си докажале како партија, како влада дека се грижите за безбедноста и сигурноста на овие граѓани. Инаку тоа што сакате да го направите вие е чист политички маркетинг и почеток на вашата политичка изборна кампања.

**ИЛЈАС ХАЛИМИ:**

Му благодарам на господинот Пандов за репликата што ја даде по трет пат и мислам последен.

За реплика се јавува господинот Александар Флоровски.

**АЛЕКСАНДАР ФЛОРОВСКИ:**

Не мислам никого да напаѓам. Она што го кажав го кажав. Претпоставувам дека на народот можеби ќе му дојде преку глава од одредени сурати што ги гледа често овде, меѓу кои можеби и моето, но не е битно.

Имате два аршина г.Бузлевски. Два аршина размислување, поведени од она што значи дневен интерес, или ваш интерес како политичка партија, а тоа е следното: Информацијата на Никола Костевски од која произлегоа инфорамациите. Значи во тој случај верувате на таа информаицја дека е валидна, а денес не верувате на информацијата дадена на МВР. Јас говорам што е тоа што јас го почувствував. Значи два различни аршини. Кажувам мое размислување. Ако сум погрешил во впечатокот, ќе ме исправите. Значи според мене имате два различни аршина.

Второ, немојте да импутирате, дека некој од пратениците на ВМРО-ДПМНЕ рече дека децата кои се повредени, глумат. Таква работа ниту од мене ниту од ниеден пратеник на ВМРО-ДПМНЕ не е излезена. За министерот јас и претходно ви кажав. Ние одговараме самите за себе. Таквите финти г. Ханџиски не палат веќе. Секој овде говори во сопственото име. Како јас ќе гласам тоа е лижна работа и партиска определба, исто така како што и вие работите. Значи, никој од нас не рече дека децата глумат. А дек ги злоупотребивте, дека ги изманипулиравте, тоа е едната работа, а некој што наседна на таа манипулација и што се залета како бик на црвено, е сосема друго прашање.

Точно, има неколку вистини, но исто така не можам да се оттргнам од впечатокот дека секогаш за вас постои

една вистина, вистината на СДСМ. Никакви факти и аргументи кај вас господа не можат да пробијат, затоа што работите ги гледате еднострано, затоа што ги гледате од страна која само вас ве интересира. И милион аргументи овде да ви изложиме, вие за жал не ги прифаќате. Очигледно и нашиот напор овде е излишен затоа што не можеме да пробиеме во некои, извинете на изразот, зацементирани партиски глави. Не се јавувам повторно за реплика, освен за дискусија.

**ИЛЈАС ХАЛИМИ:**

По трет пат се јавивте и немате право по Деловникот повторно да реплицирате.

За реплика се јавува пратеникот Димитар Бузлевски.

**ДИМИТАР БУЗЛЕВСКИ:**

Не се водиме од дневен интерес. Се водиме од она што значи државен интерес. На СДСМ и треба стабилна и просперитетна Република Македонија за СДСМ во таква држава да може да ги прокламира и реализира своите програмски определби. Оттаму мислам дека беше погрешен впечатокот дека имам два аршина кон две информации, кои се малтене, владини информации, едната од владин службеник, во името на компетентен службеник за безбедност, а втората од Владата која што има ниво на Влада. Ги кажав двата позитивни елементи од тие два извештаи.

Ако СДСМ не ја бараше оваа седница, тогаш и кај членството на ВМРО-ДПМНЕ ќе се веруваше на г. Новковски дека децата биле такви какви што тој ги кажа, тој не видел дека биле тепани, дека лекарските увер^нија се фалсификати. Оваа информација кажува дека тој што кажувал лажел, а не телевизиите или партиите лажат, бидејќи овде кажувам и се согласувам, добро е што се покренати такви мерки, иако г. Пандов не ми одговори на позадината на овој терор која е во имете и на идни членови од ВМРО-ДПМНЕ.

Тоа е мојата последна реплика, а понатаму ќе се вклучам во дискусија.

**ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:**

Му благодарам на господинот Бузлевски. Има збор пратеникот Илија Георгиев.

**ИЛИЈА ГЕОРГИЕВ:**

Почитуван потпретседателе, колеги пратеници,

Повод за моето јавување за дискусија на оваа седница, секако се добро познатите настани во ДСУ Свети "Кирил и Методиј" во Неготино за што на некој начин сите ние бевме запознаени прекумедиумите, а еве денес и преку официјалниот извештај преку надлежните органи.

Јас во мојата дискусија ќе се обидам со факти и докази да ги опишам настаните кои доведоа до тепање на ученици во нивното сопствнео училиште, пред нивната директорка и што е најтрагично пред чуварите на редот во државата, настан кој секако претставува преседан во воената школска историја не сама во Македонија, туку и во поширoки размери. Меѓутоа, колку и да сакам нajреално да ја изнесам состојбата од мој аспект, секако истата ќе добие политичка конотација. Затоа ќе се обидам, автентичноста на настаниате да ја изнесам хронолошки со поткрепа на одредени документи.

Првите посериозни збиднувања на релацијата директор-наставници се случуваат во периодот на мај-јуни 2001 година кога најверојатно поради веќе нарушени меѓучовечки односи е одржана седница на 22 јуни 2001 година на основната организација на синдикатот на ДСУ Свети "Кирил и Методиј" - Неготино со една единствена точка на дневен ред, односот на директорката Бајатова во извршувањето на својата функција, со акцент на односот кон вработените.

На овој состанок разгледано е поопширната информација која е прифатена и потпишана од 60 вработени, а кај кои преовладуваа незадоволства, како на пример доделување на работни задажи на своите соработници, во ходник, на непримерен начин, во зависност од нејзиното дневно расположение. На родителски средби крајно негативно искажување за професионалните квалитети за предметниот наставник. 0пределување на класен раководител кој не предава во дадена паралелка или некој кој работи на замена или на определено време. На професор по хемија пример на определено време, со неполно работно време, му е обезбедена канцеларија со компјутер и телефон, додека останатите 7 професори во редовен работен однос чекаат без резултат да им се обезбеди една заедничка работна просторија. Изнесување на рекорден број опомени пред отказ,

исклучување од работа и судски спорови со вработените.

Врз основа на овие извадоци од информацијата која е многу поопширна, се донесени 6 заклучоци на состанокот на Основната организиција на синдикатот при ДСУ "Свети Климент Охридски" - Неготино во кои преовладува констатацијата дека се нарушени односите меѓу директорката и вработените, како и барањето истите да се надминат преку училишниот одбор и министерот за образование д-р Ненад Новковски во најкраток временски период. Еве ви ги господа пратеници материјалите (ги покажува материјалите). Оваа изјава потпишана од 60 вработени кои стојат зад оваа информација кои ги поддржуваат 6-те заклучоци за кои веќе зборував и доставница со која го известуваат г. министер за заклучоците од оваа седница.

Меѓутоа изнесените проблеми не беа решени од надлежното министерство и малку недостасуваше да дојде до прекин на наставата, при самиот крај на учебната година. Меѓутоа, благодарение на ангажирањето на училишниот одбор, а секако и разбирањето на наставниците и останатите вработени, до прекин на наставата не дошло. Сите биле едногласни во оценката дека учебната година мора да заврши во најдобар ред, а проблемите да се решаваат во текот на летниот период, без присуство на ученици. Кога сите очекувале дека работите ќе дојдат на свое место, се слушна уште еден бисер, не забележан во историјата на ова училиште, од неговото постоење од 1963 година, не одржување на завршен наставнички совет за учебната 2000-2001 година. За жал летниот период само од себе не ги решава проблемите, туку напротив незадоволството меѓу вработените се зголемува и кулуминира со одржување на седница на сите вработени, на 30.08.2001 година, кога е донесена одлука за штрајк во која се бара да се разреши директорката Бајатова, од функцијата директор, согласно микслењето на училишниот одбор, одржан на седницата на 22.08.2001 година.

**ИЛИЈА ГЕОРГИЕВ:** (продолжение)

Заклучоци од таа седница се следните:

Штрајкот да започне на 10.09.2001 година и да трае до исполнување на единственото барање. За одлука за штрајкот се известуваат Министерството за образование и наука, училишниот Одбор, Совет на родители, Сојузот на синдикатите на Македонија - Скопје, МВР - Неготино и медиумите. Одлуката за штрајкот за прифаќаат 65 вработени со лично потпишување. Овде се сите материјали со кои најуредно се известуваат сите надлежни органи за организирање на штрајкот и неговата поддршка од страна на сите вработени, од вкупно 69, 65 потпишани вработени.

Со оглед на тоа што барањата на вработените не се задоволени, истите стапуваат во штрајк и за тоа ги известуваат, министерот за образоваие и наука, укажувајќи му дека штрајкот нема никаква политичка позадина, бидејќи меѓу потписниците на Одлуката за штрајк има и членови од партијата на ВМРО-ДПМНЕ. До г-ца Доста Димовска, тогашен кадровик во ВМРО-ДПМНЕ, со цел да даде предлог за директор да биде назначен член од нивната партија. До Никола Поп Илиев, потсекретар на ВМРО-ДПМНЕ со исти барања. До Бирото за развој на образование, Педагошки завод на Македонија - Скопје. Еве, овде се сите писма испратени горенаведените со барањата да се разреши овој проблем.

Најважно е дека пред да се стапи во штрајк од страна на вработените на 3.09.2001 година, одржана е средба со Совет на родители, на кои биле присутни 27 родители со единствена точка на дневен ред, запознавање на родителите со проблемите во училишниот центар сврзани со функцијата директор во училиштето. На тој состанок Советот на родителите преку шессте заклучоци, бара итно разрешување на проблемот од страна на Министерството, со една единствена цел наставата да почне во рок утврден со Законот за средно образование. Еве ги сите шесте заклучоци со кои се бара заедно со родителите, членови на Советот, проблемот да се надмине и наставата да почне во со закон определен рок. Меѓутоа, тоа не се решава, штрајкот на вработените трае, а меѓувреме директорката својата функција ја обавува во својот дом, земајки ги со себе училишните печати, записничките книги и Деловната книга. За ова вработените писмено ги известуваат, подрачната единица на Министерството за труд и социјална политика, републичкиот управен инспектор, подрачна единица Кавадарци и трудовиот инспектор од општина Неготино. Документи, со кои овие се известени дека печатите и книгите се надвор од училиштето.

На 24.09.2001 година директорката издава наредба со која се забранува секаков пристап во училиштето на 53 вработени, а на нивно место се донесени нови професори. Наредбата која е јавно огласена пред училишниот центар, во која јасно се гледа на кои професори, вработени им е забранет влез во училиштето.

Завршница од сите овие збивнувања е состанокот одржан на утрешниот ден на 25.09.2001 година, на кои се присутни сите вработени во училиштето "Св. Кирил и Методиј" и државниот секретар од Министерството за образование г. Емил Поповски, на кој се донесени 8 заклучоци. Ќе ги прочитам:

1. Да започне наставата во интерес на учениците

2. Да се назначи заменик директор од 65-те штрајкувачи. Изборот ќе го изврши директорот и ќе го овласти во извршувањето на правни и други организациски работи околу наставниот процес и други потреби во училиштето.

3. Новите вработувања да ги изврши училишниот одбор.

4. Да се повлечат отказните решенија.

5. Печатите: записничките книги, деловната книга да се вратат на овластеното лице во училиштето.

6. Директорката Бајатова да се изолира се до нејзиното разрешување.

7. Сите останати проблеми ќе ги решаваат заеднички во согласност со Минстерството.

8. Доколку ова се пролонгира повеќе од 3 недели, повторно се стапува во штрајк.

После овој состанок и назначување на заменик директор, наставата почнува и се одвива во услови на исчекување на конечното решение на проблемот, кој евидентно не се решава. Вработените на 14.11.2001 година писмено се обраќаат до државниот секретар г. Емил Поповски, во кое го известуваат, дека се што е договорено од нејзина страна не почитувано, но не и од страна на директорката. После ваквото укажување, работите си течат по старо. Професорите во интерес на учениците ја обавуваат наставата и покрај тоа што имаат донесено одлука за активирање на штрајкот на 3.12.2001 година, чекајќи го конечното решение на нивното барање и ветување од министерот за образование и наука за проблемите да се решат.

Меѓутоа, последниот случај веќе ја прелева преполнетата чаша. Бруталноста дојде до таков степен, која ја зенеме и се згрози целата македонска јавност. Од рекетари нарачани од Бајатова преку својот брат Данчо Тасев, актуелен координатор во ОК - ВМРО-ДПМНЕ од Кавадарци и луѓето од ХЕС - Тиквеш, биле тепани ученици во просториите на училиштето. Биле удирани и малтретирани.

Се прашуваме, каде е педагошката етика на Бајатова, за кого работела таа? Во Крагујевац за време на Втората Светска војна, директорот стоел заедно со убиените ученици. Во овој случај таа нарачува тепање на своите ученици. Епилогот е познат. Над 20-тина повредени деца кои побарале медицинска помош во Здравствените установи во Неготино и надвор од Неготино. Кој е виновен за овој настан. Се разбира, министерот Новковски. Ако тој навреме реагирал и ја разрешил Бајатова, во Неготино немаше да има ниту штрајкови, ниту отказни решенија, ниту тепање на ученици. Средното училиште "Св. Килил и Методиј" ќе беше она што беше порано, со висок рејтинг, со квалитетен наставен кадар, со безброј домашни меѓународни признанија и со ученици кои сакаат да постигнат нешто во својот живот. Што претходеше на претходниот случај. Бајатова и Новковски повторно поделија три отказни решенија на тројца професори. Тој ден училишниот Одбор одржал седница, на која биле разгледани и прифатени приговорите на исклучените наставници. За несреќа по учениците, тие дошле во канцеларијата на директорката, за да се информираат зошто се истерани нивните професори. Бајатова, наместо да даде одговор, побарала заштита од МВР-Неготино, од само нејзини познати причини. Полицијата веднаш дошла, а после неколку договори со учениците, во училиштето пристигнуваат рекетари на нејзиниот брат. Епилогот е добро познат. Утредента родителите повторно влегоа во училиштето. Револтот е огромен. Среќна е околност што тој ден Бајатова не дошла во училиштето. Околу пладне училштето е посетено од заменик министерот за образование г. Асип Асипи во придружба на инспекторот Љупчо Спасовски со неговиот помошник. Тие разговараа со членовите на училишниот одбор и неколку претставници на Советот на родители. Бидејќи, замeникот министер бил скоро на

таа функција, присутните го запознаваат со состојбата на Гимназијата. Тој уште веднаш констатирал дека за да се реши проблемот, Бајатова треба да си замине. Меѓутоа, тоа истото не може да го направи, бидејќи тоа е во исклучива надлежност на министерот. Тој веднаш стапил во контакт со него и му ја опишал настанатата ситуација. По неколку часа во Неготино пристигнува и првиот учител. На состанокот со училишниот одбор ги нападнал членовите на одборот, наставниците и сите родители со навредливи зборови и со закана дека ако е потребно, ќе го затвори и училиштето. Ќе ја смени Бајатова, но со неа мора да си одат и тројцата наставници. Тој одбива неговата одлука да им ја соопшти на родителите, а тоа им го препушта на членовите на Одборот. Во придружба на полицијата, се затвора на една просторија на училиштето цели два часа, без никаква потреба да се крие од својот народ. Од оној народ од кој прима плата и привилегии на министер. По цели два часа преку еден прозорец излегува и со полициско обезбедување заминува од училиштето.

Реакцијата на родителите беше страшна. Се уверија на лице место каков министер ги раководи луѓето одредени да ни ги воспитуваат нашите деца. Дали е ова демократија? На кое дереџе го доведовме нашето образование? Каква е иднината на нашиот систем за образование кога на ваков начин се постапува со децата. Сега, ситуацијата е релативно смирена. Наставата се одвива нормално. Професорката што е назначена од Новковски, за заменик на Бајатова си ја обавува својата задача. Сите наставнци ги држат своите часови. До кога ќе биде така, ќе видиме. Неготинчани би сакале така и понатаму да продолжи. Црната страна во Неготинската гимназија што ја испишаа Новковски и Бајатова што побрзо да избледи. Меѓутоа, дали ќе биде така, дали нема повторно да се роди некоја идеја, ќе видиме. Стравот кај сите е присутен. За сега, единствено најголем дел од неготинчани гледаат дека спас за ова е минстерот Новковски да си замине од својата функција, за што во таква фотелја заслужува да седи човек, кој од младите поколенија треба да гледа градители на иднината, а не да ги споредува со терористи. На крајот, колеги пратеници, јас лично заедно со градоначалникот на општина Неготино некако успеаве да стапиме во контакт, во краток разговор со г. министер, со цел да помогнеме во разрешувањето на проблемот. За жал, одговорот на министерот беше дека воопшто нема за што да разговараме, случајот е јасен и ќе се решава во рамките на министерството за образование и наука. Ако некој, г. пратеници, тука ја гледа политичката заднина на случајот на Неготинската гимназија, мислам дека е во голема заблуда. Затоа што, не може легалниот избраниот пратеник, ниту градоначлник да седи на страна и мирно да ги гледа случувањата во училиштето во својот град, без да превземе активности во решавањето на проблемот. Од сето досегашно мое излагање, имајќи ги предвид сите доказни материјали, сами оценете колку и која политика е вмешана во овој случај.

Благодарам.

**ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:**

Му благодарам на пратеникот Горгиев Илија. За збор се јави г. пратеник Наумовски Рубенс.

**РУБЕНС НАУМОВСКИ:**

Почитуван потпретседателе, почитувани пратеници, Поставувањето на дневен ред на оваа точка и мотивите, целите на поставување на дневен ред на оваа точка од предлагачот, можевме да ги согледаме уште во првото излагање на координаторот на пратеничката група на СДСМ, г. Никола Поповски и не дека ваква точка е беспредметно да биде поставена на дневен ред пред ова Собрание, но секако, пред се, би рекол дека основната цел на поставување на ваква точка на дневен ред од самиот почеток е избегнато или на некој начин запоставена основната цел. Додека, уште на почетокот на прв план е видлива онаа непопуларна цел на поставување на дневен ред на ваква точка. А, со еден збор окарактеризирана или со неколку збора таа непопуларна цел е политички маркетинг. Ќе се обидам да го објаснам ова и да го аргументирам ова мое тврдење. За што станува збор? Целта е да се создад9 едно чувство во пошироката македонска јавност и во овој Парламент дека во Република Македонија се настанати односно создадениу услови од кои произлегува и се почестото присуство на насилство. Насилство предводено од Владата и владеачката партија, најголемата партија во Владата ВМРО-ДПМНЕ и неколку настани, ко иза мене еден со друг не можам да ги поврзам никако, но ставени се точно во една група на настани, создадена е една група на

настани, кои треба да докажат дека во Македонија имаме присуство на насилство и тоа проектирано, организирано и реализирано од ВМРО-ДПМНЕ. Еве, да ги видиме еден по еден случаите, јас секако од Охрид би сакал да зборувам, како пратеник од Охрид и претседател на општинскиот Комитет на ВМРО-ДПМНЕ, од Охрид би сакал да зборувам најповеќе за охридскиот случај. Но, пред да почнам со таква анализа, не би се прашал себе си, би ги прашал сите кои го следат текот на оваа седница, дали ако зборуваме за насилство во прв план како примери би ги насочиле овие случаи или пак би требало да зборуваме за насилство со кое е соочена Република Македонија и граѓаните на Република Македонија веќе подолго време, за евидентно насилство, за грозно насилство нанесено на граѓаните на Република Македонија од македонска националност во Западна Македонија. Но, јас не би сакал да ја ширам темата, само вака би предочил, дека ако станува збор за насилство, би требало да зборуваме занасилство од тој тип или можеби не одговара на СДСМ да зборуваме за тоа насилство, бидејќи ќе се евиднетира една состојба во Република Македонија, која не оди во прилог на нивото барање за предвремени избори. А, тоа насилство е присутно секој ден, во многу села во западниот дел од Република Македонија и во самото Тетово.

Да продолжам, еден настан во Охрид со таканаречениот молотов коктел, еден настан во Прилеп со крадењето на бистите на револуционери од НОБ и трет настан во Тетово со тепањето на учениците, чеврт настан - Теарце. Никаква поврзаност конкретна нема со овие случаи, може поврзаност има меѓу настаните во Гимназијата во Кавараpци, со настанот во Охрид, бидејќи имаше едно шише од Кавадарка. Само таква поврзаност би можел да најдам. Со Кавадарка и случајот во Охрид и Кавадарци како град на друг вид на настани.

Посебно би се задржал на случајот во Охрид. Видете, јас за овој случај разбрав од новинар на Сител, кој се јави и би го поздравивл неговото јавување како честито однесување, бидејќи до него дошле тие информации, не знам од кого, дали од сопственикот на кафаната "Сердарот" и новинрот ме праша што знам за тој случај. Јас тогаш прв пат слушнав за тој случај. Му реков на новинарот да се јави подоцна, за да можам да обезбедам некои информации. Точно, добив информација и со тие информации со кои се стекнав му ги пренесов на новинарот и морам да му заблагодарам што соодветно и адекватно го пренесе онака како што јас го кажав и информираше, така што можам да кажам дека стојам зад она што беше изјавено во Сител од мое име. Тоа е, еве сега проследено низ информацијата на Владата преку информациите кои се добиени од Министерството за внатрешни работи. Евидентно е, случајно е тоа, фрлено е шише и како што стои во информацијата, со крпче незапалено со течност која мирисала на нафта, фрлено е шишето на прозорот од угостотелски објект со име "Сердарот", кој е, исто така тоа е точно, под просториите на Општинскиот комитет на СДСМ.

**РУБЕНС НАУМОВСКИ:** (продолжение)

Случајот е пријавен од сопственикот на кафеаната. Сопственикот на кафеаната, што е симптоматично според информациите што ги имам, прво ги известил новинарите или претставниците на А-1 телевизијата, посебено Сител, а дури потоа се известени службите на МВР. Таква информација имам. Точно е,тврдењето и некаква инсинуација дека се работи за атак на Општинскиот комитет на СДСМ, прво се искажани сопственикот на кафеаната. Немаше такво тврдење од Општинскиот комитет на СДСМ. Сега на оваа седница веќе имаме официјално тврдење дека атакот е извршен, но пак се оградувам, можеби не е така кажано дека е изврше: напад на просториите на СДСМ, но во секој случај се прави обид да се направи некаква поврзаност. Да зборуваме за сопственикот кој изнесе некакви сомневања или инсинуации дека тоа е направено од редовите на ВМРО-ДПМНЕ, од некој член на ВМРО-ДПМНЕ и целта била да се погодат просториите на СДСМ, но не се погодени просториите, шишето подолу пад-нало и се погодени просториите или прозорот на ресторанот "Сердарот".

Јас не би исклучил никаква можност за евентуален сторител, не би исклучил никаква мотивација, но во секој случај, има нешто што би исклучил. Најодговорно ја исклучувам можноста дека е во организација на Општинската организација на ВМРО-ДПМНЕ, бидејќи за тоа би морал да знам и би морал да бидам информиран, а и во обидите отпосле меѓу нашето членство да дојдеме до некаква информација дали евентуално некој од членовите на ВМРО-ДПМНЕ од било какви причини го сторил тоа, до ден денес немам таква информација. Значи, ја исклучувам

можноста дека тоа е организирано од Општинската организација на ВМРО-ДПМНЕ. Но не ја исклучувам можноста, како што не ја исклучувам можноста евентуално сторителот да е член на ВМРО-ДПМНЕ, но исто така не ја исклучувам можноста дека сторитерот е член на СДСМ, ако се најде некоја мотивација од иритираност од говорот на Бучковски, да бил некој наш член иритиран, тогаш не ја исклучувам можноста некој од члeновите на СДСМ од незнам какви причини иритиран од општинското раководство или државно на СДСМ. Исто така, не ја исклучувам можноста мотивацијата или причините да се по некои должничко доверителни односи бидејќи имаме информација, јас ја немам проверено, но е за респект таа информација дека сопственикот на кафеаната во моментот е должен околу 200 или 250.000 ДМ. Јас реков дека не ми е проверена таа информација, но имам таква информација. Несакам да тврдам теорија и да кажам овде дека веројатно шишето да претпоставиме со нафта, бидејќи мирисало на нафта е фрлено од некој на кој сопственикот на кафеаната му должел. Не тврдам, но не ја исклучувам можноста, како што и претходните можности не ги исклучив. Ќе зборуваме тогаш кога ќе се открие сторителот и тогаш можеме да зборуваме за вина и мотивација. Во Охрид имало поголеми причини или поголеми незадоволства на членовите на ВМРО-ДПМНЕ насочени кон СДСМ и не биле преземани такви акции. Несакам да набројувам колку случаи би можеле да бидат поголема мотивација за некои членови на ВМРО-ДПМНЕ да преземат вакви дејства.

Исто така, со сигурност можам да кажам, ако евентуално кога ќе се најде сторителот на ова дело, ако евентуално е член на ВМРО-ДПМНЕ она што е задача на гонителите односно службите при МВР, понатаму суд-ството ќе си го преземат секако, но јас можам да кажам што ќе преземе општинската организација на ВМРО-ДПМНЕ, до колку тоа е член на ВМРО-ДПМНЕ. Ќе преземе најстроги дисциплински мерки, заради тоа што не е тој стил и никаде никогаш не бил заговаран таков стил на комуницирање на Општинската организација на ВМРО-ДПМНЕ со Општинската организација на СДСМ и дека во никој случај неможе ваков потег, па и да е наш член, да биде оценете од Општинската организација на ВМРО-ДПМНЕ како некој израз на лојалност и партиски партиотизам на таквиот член. Напротив, таков потег ќе биде осуден, пред се заради тоа што такви дејства не и служат на чест на ниедна политичка партија, не и служат на чест ниту на нашата држава, не смееме да правиме таков амбиент и сум радикален противник на такви методи. Конечно, ако е член на оваа партија, таквиот чин не значи ама ни малку придонес за она што е програмска и идејна определба на ВМРО-ДПМНЕ и најмал придонес во градењето на честа и почитта кон оваа партија или кон Општинската организација на ВМРО-ДПМНЕ и така ќе го третираме. Напротив, гледаме еден таков чин без доказ за сторител, без име, се користи за девалвирање на мојата партија ВМРО-ДПМНЕ и повеќе не би требало да објаснувам , до колку по откривањето на сторителот се докаже дека тој е член на оваа партија, ќе бидат преземени најстроги дисциплински мерки.

Значи, најодговорно ја отфрлам секоја можност овој чин да бил организиран или смислен во Организацијата на ВМРО-ДПМНЕ од Охрид.

Во однос на насилството, добар дел од мојот работен стаж го имам реализирано во образованието и ќе кажам дека уште какко ученик сум се спротивставувал на примена на сила и насилни методи како врз мене од страна на наставниците, така и врз други ученици и недвосмислено сум противник и осудувам секакво психичко или физичко малтретирање на уечници, недвосмислено и категорично. Но кога веќе имаме ваква точка на дневен ред и како случај тоа да го разгледуваме, мораме одговорно сите да пријдеме и да ги согледаме сите причини, сите сторители и сите можности и последици што би можеле да настанат, не само ова што се евидентни последици, но може да има и потешки последици од ова што се сега евидентирани последици.

Прашање: Во една просторија од незнам колку квадрати ако се соберат 40 ученици, а тука е директорката или некој наставник, еве вака замислете си сите, имаме просторија од 40 м2, но не верувам дека била таква просторијата и 40 ученици надвиснати или спроти директорот или без разлика кон наставник би бил. Само таа слика да ја видиме. Дали таа слика е обележје на насилство,, на притисок, дали воопшто е предвидено со било кој акт таков вид на комуницирање на наставник или директор на училиште и ученици. Секој пат мораме да ја гледаме и другата страна. Секој од нас нека се стави во една таква положба да биде опкружен со толкав број на ученици и изложен на еден таков притисок.- Дали тоа е дозволиво? Има други начини. Затоа нба почетокот реков, било какво

насилство физичко или психично врз учениците строго осудувам, но мораме да ја видиме и другата страна, па да зборуваме и за однесувањето на учениците, дали е дозволен таков начин на однесување на учениците. Учениците секако потребно е да го кажат своето мислење по многу прашања што се директно врзани со нив, па и по прашањето на директорот, но на соодветен начин, заради тоа што и тој начин од нивна страна во некоје форма бил насилнички.

За можното организирање на учениците од страна на одреден број наставници со политичка заднина исто така не би го исклучил, бидејќи имам многу показатели дека инспирацијата е од таква природа, а за секаков друг вид на проблем реков дека ќе мораме и ние како Собрание да ги протежираме оние методи и форми кои се пропишани со закон и кои се и без да се пропишани со закон како форми корисни и како форми кои би довеле до адекватна разрешница на било каков спор, дали во училиште или било каде во нашата средина и во нашава држава.

На крајот би сакал да кажам дека неизбежно е чувството на обид од страна на СДСМ за да се презентира или претстави една состојба на насилство во државата, прибрани се неколку случаи, бидејќи еден случај како случај малку е и на сите овие случаи се прави обид да им се даде политичка конотација со огромна цел , да се обвини ВМРО-ДПМНЕ и Владата на ВМРО-ДПМНЕ за протежирање и практицирање на насилнички методи. Но мислам дека нема да се успее во овој обид, бидејќи сите четири настани беа објаснети, случајот во Прилеп, случајот во Охрид ни од далеку неможе да се поврзе со политичко дејствување во Влада, со полиција, со Општински комитет на ВМРО-ДПМНЕ, до овој момент нема ниеден индикатор кој би укажал на тоа и мислам дека ова во крајна линија не само што е неуспешен обид во предизборниот период да се претстави нашата Влада како Влада која користи насилнички и терористички методи, туку би рекол дека во овој период во кој нашата држава се соочува со многу повеќе проблеми, дури е еден обид со кој се нанесува штета.  Дури, јас да ви кажам, седам во клупа и се мислам дали изгледаме сериозно вака сите како пратеници, пратенички групи и партии, да изгубиме ден а можеби ќе бидат и два или три дена за толку јасни случаи кои немаат никаква тежина, да бидат издигнати до таа мерка до степен на драматичност, со оглед на тоа што имаме и органи, институции на власта, тука е Владата со сите свои органи да ги решава овие случаи, а Собранието да расправа за сите овие работи, пак со горчина ќе кажам колку време правевме обиди да расправаме за политичко безбедносните состојби во РМ по повод настаните што беа и не само настани, туку имавме вооружена агресија на нашата земја, која и ден денес во некоја форма е присутна, а ние ќе изгубиме неколку дена за оваа работа.

**ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:**

Му благодарам на пратеникот Рубенс Наумовски.

За збор се пријавил пратеникот Кирил Настевски, но не е тука.

Има збор пратеникот Александар Талевски.

**АЛЕКСАНДАР ТАЛЕВСКИ:**

Почитуван потпретседателе, почитувани колеги пратеници,

Најпрво да прашам кој ја покрена иницијативата за свикување итна седница, затоа што во моментот во сред расправа за барањето информација во врска со случувањата во Прилеп, Охрид, Теарце и Неготино пратеничката група која што ја побара оваа информација, која што така драматично неколку денови сето тоа го пласираше во медиумите, онаа политичка партија која што ја подигна политичката тензија на мошне високо ниво во овој момент има само четворица пратеници во салата, така што моето излагање кое пред се однесува и сакам да го образложам и да го искажам пред пратениците на СДСМ, во овој момент сум оневозможен тоа да го направам бидејќи моите ценети колеги не се присутни. Затоа, мојата дискусија ќе ја задржам за оној момент кога ќе бидат присутни во салата моите колеги пратеници од СДСМ, за да можат да ме сослушаат и ако може да придонесам да се расветлат сите овие работи.

**ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:**

Му благодарам на пратеникот Александар Талевски, но ќе морате повторно да се јавите за збор. Вие ќе го одредите времето кога ќе се јавите.

Има збор г-динот пратеник Јани Макрадули.

**ЈАНИ МАКРАДУЛИ:**

Почитуван потпретседателе, колеги пратеници, претставник од Владата,

Читајќи ги информациите што ги добивме од Владата, мислев дека на сите ќе ни стане јасно дека навистина се случиле некои настани за кои треба да расправаме. Гледам дека тука малку се одалечуваме од

таа теза и се обидувам да се врати топката назад не малку туку за неколку години, посебно од оние што се залагаат да зборуваме денес за темата и да не бегаме од неа. Сепак дозволето и јас да го дадам своето гледиште.

Кога се влегува во изборна година, без разлика дали се работи за предвремени или редовни избори, сериозните политички партии навремено ги започнуваат своите подготовки. Тоа го прави и ВМРО-ДПМНЕ сосема природно и очекувано. Во почетните подготвки вклучува два битни елементи, изборна стратегија и кадровско етикирање за спроведуваше на избраната стратегија. Во однос на екипираноста ВМРО-ДПМНЕ, користејќи ги полунгите на власта, а под превезот на одбраната на суверенитетот, формира посебни единици од рекетари и тепачи, вработени на државен трошок, единици кои треба својата најголема активност да ја имаат до и за време на изборите. Покрај тоа , иако не би сакал да зборувам за внатре-партиски прашања, очигледно се посегнува по членови од други партии со надеж да се подобри одамна намалениот рејтинг, ако ништо друго со изјавите и препукувањата во медиумите, ќе се постигне прекривање и ставање на втор план на актуелните настани.

Кога станува збор за изборот на стратегијата, очигледно тоа е веќе видено. Тоа е стратегија на заплашување, притисок и насилство, стратегија или тактика - како сакате, која функционираше и за време на претседателските и за време на локалните избори. Логички се наметнува прашањето кога е вака сега, што не очекува на самиот ден на изборите. Во рамките на избраната стратегија се атакува на различни цели, кон партиските противници се фрлаат молотови коктели, во обид да се разниша кревкиот мир и градеше на доверба се претепува г-динот Павле Тодоровски, потпретседател на Мултиетничкиот совет на месната заедница во село Теарце, синоним за соживот во тој крај. Се атакува на културно историското наследство, се рушат спомен обележја, спомен од едно време со кое треба да се гордееме. Атакот на бистите на Мирче Ацев и Кузман Јосифовски Питу во Алејата на народните херои во Прилеп и газење на националниот код на нашата држава. Се атакува кон слободата и мислата на новинарството, се укинуваат програмите на радиото, се праќаат закани кон новинарските куќи. Се прави обид за упад во образовниот систем односно обид за ставање на интелектуалниот потенцијал под директна контрола како на наставниот кадар така и на студентите и на учениците.

Сите овие настани, иако настани е премногу благ збор, сами по себе се доволни за посебна седница на Собранието и секој од нив во нормална држава би довеле до остра расправа и криза во самата Влада. Кај нас се случуваат во рок од неколку дена, случајно ќе кажете, зарем не?

**ЈАНИ МАКРАДУЛИ:** (Продолжение)

Како човек од образованието морам посебно да се осврнам на настаните од 29 јануари во Државното средно училиште "Свети Кирил и Методиј" секако без да ги потценам останатите. Сепак, мора да се сложиме сите дека тука не станува збор за настан, туку случај Неготино.

Претпоставувам дека улогата н аобразованието во градењето а една држава на сите нас ни е помалку или повеќе познато. Модерните држави што се градат на принцип на социјално-пазарно стопанство го вклучуваат образованието како битна компонента. Способноста на една национална економија во голема мерка зависи од квалификационата стручност на нејзините луѓе.

Какво значење се дава на образованието говорат и програмите на политичките партии пред изборите. Така, во Изборната програма од 1998 година ВМРО-ДПМНЕ ќе напише, цитирам:

"ВМРО-ДПМНЕ се залага за образование во кое причина и последица ќе бидат нејзините најважни сегменти: ученикот, студентот и наставникот, во кое во взаемна корелација ќе се развиваат и негуваат креативноста, самоиницијативноста, педагошките слободи и преку кое ќе се врати одамна изгубеното достоинство на ученикјот, студентот и наставникот".

Се прашувам, на која партија припаѓа министерот Новковски? Каде тоа ВМРО-ДПМНЕ им вети , им го напиша случајот Неготино?

Но, Неготино не е осамен случај. Во минатото тоа беа Основното училиште "Орце Николов" во Воиславци-Радовишко, Основното училиште "Ванчо Китанов" во село Црник-Пехчевско, Основното училиште "Ѓорче Петров" во Скопје, Основното училише "Браќа Рамиз Халид" во Скопје. Денес, тоа се заканува да биде Средното Медицинско училиште " Д-р Јован Калаузи" во Битола. Случајот Неготино е последица на случајот самоволието на министерот Новковски и директорката Бајатовска, двајцата

членови на ВМРО-ДПМНЕ и, ВМРО-ДПМНЕ од политичка одговорност за ова не може да избега. Однесвуањето на Бајатовска и начинот на кој таа ја разбира директорската функција и власт е едноставно пресликување по вертикала н акој што ВМРО-ДПМНЕ ја разбира и ја практицира власта. Иако, пред 15-тина години избркана од работа со образложение за непедагошки постапки, по промените добива функција директор и започнува со дисциплинирање на наставниот кадар во гимназијата.

Не можејќи да го издржат тој терот и понижување во септември 2001 година, неколку професори го дигаат својот глас во одбрана на своето достоинство, а ним им се придружуваат и останатите колеги од истата Гимназија. Вкупно 65, но од 69 вкупно вработени во таа Гимназија. Нивниот прекин на работа во потполност е поддржан и од родителите и учениците.

Револтиранаата директорка ги отпушта сите професори и носи 50 нови. За тоа време, ресорниот министер изјавува, цитирам:

"Во Неготино нема штајк и се работи за страмен чин со политичка заднина со кој некој сакал да го уништи свечениот почеток на новата учебна година". Секоја сличност за уништување на расположениеto за роденденот е случајна.

После неколку недели се носи хибридно решение. За заменик директор се именува госпоѓа Донка Маркова со цел да се оствари контакт и разговор со професорите , учениците и родителите и започне со наставата. Министерот Новковски, иако преку својот државен секретар дал ветување за мирна смена на Бајатовска, остана 4 месеци глув на сите барања на наставниците, родителите и учениците од Неготино. Единствено го слушаше гласот на директорката, директорката која со свирежи од илјада ученици ја напушти Гимназијата. Ниту се засрами, ниту го измени своето, како што кажуваат нејзините колеги, шеривско однесување. Едниствено ново било тоа што 4 месеци на работа доаѓала во придружба на полицијата и својот сопруг.

Бидејќи ништо не се подобрува, ни за педа, професорите го реактивираат штрајкот, но не со прекин на саставата, туку со бојкотирање на сите одлуки на директорката. Револтиран аод тоа, директорката повторно посегнува по серија откази на професори. Учениците бараат минимум образложение, но добиваат ќотек.

Кулминација на настаните е 29 јануари 2002 година, кога 20-тина рекетари предодвдени од нејзиниот брат близнак Јордан Тасев, општински функционер на ВМРО-ДПМНЕ и од тоа ВМРО-ДПМНЕ не може да избега од политичката одговорност, инаку како експерт во Земјоделска задруга, поставен за директор на ХЕЦ " Тиквеш", исто во стилот на промените, крвнички предводи група која крвнички претепува 20-тина ученици од Гимназијата. Настан што ја шокира македонската јавност, настан што го осуди секој добронамерен граѓанин на оваа држава.

Претепани се малолетни деца, деца кои побарале да им се вратат нивните класни раководители, омилени професори. А, убаво ветуваше ВМРО-ДПМНЕ во 1998 година, цирирам:

"ВМРО-ДПМНЕ ќе води политика што ќе се заснива на принципот на почитување и заштита на интересите на македонските деца и младина во согласност со принципите на меѓународните спогодби".

Но, во светот во кој што живее Новковски тоа го нема. Не се гледа. Можеби прозорците му се високи. За него нема ниту штрајк, ниту претепани деца, туку само ученици кои ги поистоветува со терористите на ОНА. Тука, секој коментар е излишен. Тука, ниту неговите чипови веќе не помагаат, а камоли оставка. Случајот во Неготино е под диреkна одговорност на однесувањето на Ненад Новковски. Оваа кулминација е логична последица на една од низата, во најмала рака, чудни однесувања на министерот. Министерот за образование и наука, наместо да се бави со креирање и развој на национална стратегија за образование, за приближување и прилагодување на наставните планови и програми во сите степени на образованиeto со европските и светски тенденции, своето министерување го потрошил во следново: разрешувања, отпуштања, карања со медиумите, воведување на хаос во издавачката дејност за учебници фаворизирајќи учебници од истанати членови на ВМРО-ДПМНЕ или од своит енајблиски соработници во Министерството, уништување на школи и институти.

За време на своето министерување одбираше делови од закон што ги почитува, а делови што не. Фондот за високо образование е типичен пример за тоа . А како врв во случајов Неготино се скара и

со полицијата и со Судот зошто ги привеле рекетарите, зошто поднеле пријави против нив за тепање кое сите го видоа освен министерот Новковски.

Заплашувањата на ученици, разрешувањето на професори е веќе видено сценарио во нашето блиско соседство во последната година од владеењето на Милошевиќ. И таму се формираа државни управи по факултетите, се бркаа професорите од работа, но силата на избори е многу поголема од било која активност на еден квази-амбициозен министер.

На крајот, да резимирам, во овој момент имаме следна ситуација, директорката на Гимназијата "Свети Кирил и Методиј" во Неготино се наградува со прераспределба на нова , повисока функција. Каква порака се праќа со тоа? Дали патот до повисока функција води преку претепување на деца? Министерот и неговата весела дружина се заканувааат со затворањето на единствената Гимназија во Неготино, како што самите ќе кажат на прес конференцијата "само основното образование е обврзувачко". Што има потреба од понатамошна наобразба? Или ќе биде така или ќе удрам клуч на врата - изјави Новковски на средбата со Училишниот одбор. Дека е над се, па и над овој закон, Законот за средно образование говори фактот дека не знае кој може да го укине и под кои услови средното училиште. Денес имаме ситуација кога од ресорниот министер не се задоволни ниту учениците, ниту средношколците, студентите, наставниците, професорите и нивните родители. Единствено не сме сигурни за младите во јаслите, а од негова страна секогаш се прави префрлување на одговорноста на друг. Но, немањето слух и чувство на одговорност кај Новковски не го амнестира премиерот од непреземањето на единствениот можен чекот, а тоа е разрешување на министерот Новковски.

Застанувајки зад Новковски премиерот и парламентарното мнозинство ќе застанат на страната на теророт, насилството, самоволието на директорите, рекетарите, партизацијата во образованието.

(Во отсуство на потпретседателто на Собранието г-дин Илјаз Халими, со седницата продолжи да раководи г-дин Томислав Стојановски, потпретседател на Собранието на Република Македонија).

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Збор за реплика побара г-ѓа Диспина Марковска.

**ДИСПИНА МАРКОВСКА:**

Почитуван потпретседателе, почитувани колеги пратеници,

Морав да се јавам за реплика на г-динот Јани, затоа што го спомна село Црник и Основното училиште во село Црник, што припаѓа во мојата изборна единица.

Г-динот Јани искажа тука многу големи лаги и инсинуации, бидејки во село Црник 8 години СДС им ветуваше дека ќе им овозможи на децата да одат до 8 одделение во тоа село. Меѓутоа, до 1998 година СДС, што беше на власт, не им овозможи на децата да одат до 8 одделение.

Кога 1998 година ВМРО-ДПМНЕ дојде на власт, јас бев избрана како пратеник од оваа изборна единица, благодарение на СДС што ветуваше и претходните пратеници и екс градоначалникот кој потекнуваше од тоа село им ветуваше на граѓаните од село Црник дека ќе им овозможи на децата да не патуваат во село Панчарево туку да учат во село Црник, благодарение на ВМРО-ДПМНЕ и нашиот министер Новковски кого сега обвинуваат, тие дечиња сега учат во селото во кое што треба да учат, каде што се родени и каде се мнозинство ученици.

Затоа, уште еднаш кажувам најотворено дека такви лаги и такви инсинуации не треба да се искажуваат на говорница, туку да се кажува правата вистина, како што не ја кажуваат вистината и во моментално градот Неготино.

Благодарам.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Господинот Макрадули побара збор за реплика.

**ЈАНИ МАКРАДУЛИ:**

Ќе се обидам да ја разберам колешката што сакаше да каже.

Напомнав дека за време на министерувањето на г-динот Новковски ни се случуваат не еден изолиран случај на штрајк, туку многу.

Во Основното училиште "Панче Китановски" од Пехчевско село, бојкотот на наставата е подржан со петиција потпишана од 500 потписи на родители. Тие бараа наставата да се изведува на нивниот мајчин јазик. Доколку петицијата

од 500 родители е занемарлива и инсинуација, не би коментирал.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Има збор г-ѓа Диспина Марковска.

**ДИСПИНА МАРКОВСКА:**

Господине Јани, бидејќи навистина не ја познавате фактичката состојба, тие не бојкотуваа заради учење на својот мајчин јазик, туку за учење во дотичното училиште во село Црник. И, навистина не ги познавате ситуациите и проблемите во тоа село, што ние ги надминавме.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Благодарам.

Збор има г-дин Андоновски Кирил.

**КИРИЛ АНДОНОВСКИ:**

Господине потпретседателе, почитувани пратеници,

Не мислев да се јавам, меѓутоа се јавив малку како полу реплика на г-динот Никола Поповски. Се надевам дека ќе биде тука, посебно, или ќе слуша таму. Посебно, на пример, врвот на неговото излагање, а тоа е таканаречениот државен тероризам на Законодавно-правната комисија. Замислете, сега разгледуваме некоја информација за случувања што се случуваат во Охрид, што се случуваат во Прилеп или Неготино, а Никола Поповски зборува за државен тероризам во Собранието, односно во работните тела на Собранието. Каков апсурд е тоа!

Понатаму, зборува дека се состанале некои 6-мина таму, како да се 6-мина донесени од улица, а не се членови на ЗПК, што сметам дека се многу стручни. Од друга страна дека од тие членови има и пратеници од СДСМ, покрај другите партии.

Понатаму зборува дека, можете да замислите колку е тоа блиску до диктатура, замислете, каде диктатура? Во Комисијата? Во Собранието или мислите диктатура спроведува извршната власт? Мислам дека премногу неопределено, а премногу јаки зборови што несоодветствуваат на ситуацијата.

Да ги менуваат законите-Комисијата да ги меува законите?! Не е точно. Комисијата не ги менува законите, туку Комисијата врши исправка. Комисијата предлага толкување. Комисијата ги предлага статутите. Комисијата најстручно ги разгледува сите закони што се донесени овде во Собранието, со што мислам дека треба да се пофалиме, дека 99% се прифатени амандманите. И Вие видете, амандманите, скоро на секој закон, нема закон што не поминал низ филтерот на ЗПК како најстручно тело што ги подобрува текстовите. Но, мислам дека тоа е предмет на осервација на г-динот Никола Поповски кој, за жал, изгледа некои работи ен познава доволно. Можеби е тој речит. Може да зборува паушално колку сака. Меѓутоа, стручно, мислам дека стручно е недоволно остручен.

Јас за тоа не сакам да зборувам да ги коментирам одлуките на ЗПК. Мислам дека г-динот Никола Поповски знае како се донесуваат одлуки, знае дека одлуките се донесуваат со мнозинство гласови, без оглед кој како гласал. Ако го смениме сега Деловникот, па да се донесуваат со консензус, тогаш така да направиме. Меѓутоа, сега засега одлуките во Комисијата и во Собранието секогаш се донесуваат со мнозинство гласови, само изменивме нешто дека можеме да работиме и без никој да присуствува тука, како да сме ние од Западна Европа со свеста и со развитокот.

Не сакам да ја коментирам исправката што е направена. Меѓутоа ќе коментирам исправка од 1996 година. Вели - исправка на Законот за локалните избори. Таму зборува - денот определен за одржување на изборите се заменуваат со зборовите, замислете, самиот овој текст кажува дека се заменува нешто, а може да се заменува само со измена на закон. Друго, ова го најдов случајно сега, а можам да најдам и многу други, а ќе најдам , исправка на Законот за територијална поделба. "Ростушка" се брише. "Другово, Долненци" се брише. Сврзници се заменуваат со запирки, со интерпункциски знаци. Се додаваат зборовите, некои зборови Соколарци ли, Доленци ли, не можам веќе да сфатам. Има, можеби, Коњаре 1 и 2 се заменува со Коњаре, Долно со Горно, незнам кое со кое. Тоа е точно за измени. Меѓутоа, со оглед на сложеноста на материјата и веројатно во брзината се направило тоа што се направило. Ама, тогаш Вие бевте без опозиција и си донесовте како што сакавте да си донесете. Бидејки ЗПК ја сочинуваат повеќе, 50-60%, бидејки бевте тогаш 60-70% во Парламентот и ја донесовте. Сер азбира таа е валидна бидјеки е донесена со мнозинство гласови.

Понатаму, во работата на ЗПК, секогаш практикувам да се гласа, ги бројам гласовите. Ако некој сака да го

издвои гласот, има такво деловничко право, тоа се нотира.

**КИРИЛ АНДОНОВСКИ:**(Продолжение)

А, ако не го издвои гласот, или она што го кажал ако треба посебно, ако инсистира го заведувам посебно, а ако не тогаш го заведувам општо дека со мнозинство гласови, или со толку гласови, 1 против, 5 за, се нотира во извештајот како поминало гласањето. Секогаш ја запазувам постапката онака како што е предвидено.

Понатаму, јас сега нешто би сакал во врска со работата на Собранието да кажам, бидејќи често пати зборуваме за неефикасност на Собранието и за незнам каква работа на Собранието Секој од нас треба да рботи според совест, свест и знаење, меѓутоа, ние колку седници имаме. Ова е 101 седница, а колку денови сме држеле седници. Сигурно преку двеста. Зошто? Затоа што вие апстинирате, си одите кога ќе ви текне, ние си напуштаме, меѓутоа, истовремено не се откажувате пак од дневниците и од патните трошоци. Па како е тоа сега тоа демагогија. Да ќе кажам и за вас госпоѓице. Јас работам во Комисијата според совеста, според знаењето. А и вие треба така да работите.

Понатаму, често пати вие само што, денес се случи нешто, утре веќе барате информација. Замислите дали вие им дозволувате на органите да си ја извршуваат работата. А друго дали имате доверба вие во органите Тоа е друга работа. Меѓутоа, вие и за овие случувања не оставивте можнос да си ја извршат работата. Јас ќе го земам случајот со Прилеп. Дента во Прилеп се случи, ноќта се случи што се случи, утрента одма почнавте да реагирате треба да се, мора да има седница. И замислите сега, Министер-ството,тоа е добар успех. Меѓутоа, ако не успееше да ги пронајди, ќе испаднеше дека некој од ВМРО-ДПМНЕ ги прави тие работи. Ова ќе го повр-зам со атентатот на господинот Киро Глигоров. Кога одма весниците таканаречени независни пишуваа двајца со бради, тројца со бради незнам како сблечени асоцираа на ВМРО-ДПМНЕ. И сега ние за среќа, што ги открија дека се работи за кац, а не за политички работи. Меѓутоа за среќа ви зборувам. Инаку вие ќе си го ставевте во своја полза како демек еве пред народот ние успеваме донекаде да добиеме некои поени.

Понатаму, дозволете да си ја довршат работата надлежните органи.

Прво, секое случување го осудувам, мислам да бидеме начисто. Исклучувањата што се во Неготино, исто така јас да бев директор ќе си напуштев после првиот. Мислам јас, меѓутоа тоа е личен чин. Друго е во прашање овде. Кој е се вмешан во оваа работа. Јас на пример не ги оправдувам никој не смее да тепа деца. Прво сакам да се претставам дека јас, по професија сум бил наставник. После сум се преквалификувал. и знам педагошката група на работа, и знам како се работи, сум работел тоа. Никој не смее да тепа деца. Меѓутоа, што правиме она позадина што седи зад тие деца? Која е врската, непосредна врска измеѓу учениците и директорот. Која е непосредната врска. Нема непосредна врска, само врска преку професорите. Непосредната врска доаѓа ако некој ученик забега некаде и сега професорот го носи кај директорот и тн. А овде што се случува сега. Овде се случува за жал да ја истеруваат правдата учениците. А ако дојде до тој степен правдата да ја истеруваат учени-ците, тогаш мора учениците да бидат поттикнати од некого. Сигурно од ВМРО-ДПМНЕ затоа што директорот е на ВМРО-ДПМНЕ. Нема интерес против. Меѓутоа, тоа е тоа. Треба да дозвлиме имаме ние ресорно министерство за образование и наука. Имаме ние Министерство за внатрешни работи. Да си ја завршат работата. Што ние сега само ќе дискутираме и на крај пак тие ќе останат да си ја довршат работата.

И на крај уште сакам да кажам ова, Никола Поповски и некој други. Мора, јас ова реплика го кажувам. Затоа што тој тероризам демек да се спроведува во Законодавно-правната комисија. Мислам дека често пати некои премногу се форсираат од СДСМ, мислат дека доволно ги премногу ги познаваат, односно деловникот и Уставот, меѓутоа, не сакам да реагирам кога прават гафови. Еден од тие гафови е на последната седница кога го донесовме Законот за локална самоуправа, кога еден од пра-тениците на СДСМ инсистираше да се политичките партии, се договориле пратеничките групи, координаторите да поднесат известување дека ги повлекуваат амандманите. Тоа е тотално непознавање на деловникот. Само оној што го поднел амандманот, само тој може да го повлече. А не пратеничка група. Неможе овде ставови на политички партии што се договориле и како се договориле и тие амблок тогаш нека го дадат тие политички партии тоа што е. Овде ние не мора да заседаваме, само тоа да го усвоиме. Исто така се случуваше кога се вршеа уставните измени. За време на уставните измени господата од СДСМ вика

ни точка,ни запирка неможе да се менува. И замислите ни точка ни запирка не сменувавме благодарение на ВМРО-ДПМНЕ и настојувањата, сменивме некои точки и запирки, односно додадовме некои работи, а од друга страна и господинот Бранко Црвенковски како член на Уставната комисија бараше сега не се сеќавам за што, бараше да го дотераме, бидејќи тие неможеле таму да најдат решение. Ама од друга страна неможе да се менува поради точка и запирка, така се договориле политич-ките партии. Ние овде сме претставници на политичките партии, односно на граѓаните, преку политичките партии. Меѓутоа, сме и да ги подобруваме текстовите без оглед од кого се поднесени. Да ги дотеруваме во правна техника која што одговара.

Благодарам.

**АЛЕКСАНДАР ГЕШТАКОВСКИ:**

Господине потпретседателе, не е реплика, е дообјаснување, бидејќи се препознав како член на законодавната и деловникот дозволува кој пратеник. Видете би сакал да дообјаснам она што зборуваше координаторот на Пратеничкага група и почитуваниот претседател на Законодавно-правната комисија.

Се работи за исправка на закон, тоа е закон за воен данок, со многу значајни и со многу големи финансиски ефекти. Морам да истакнам и колегата потпретседател на Собранието кој е член на Законодавна и членовите, јасно дека не се работеше за исправка. Исправка е она што меѓу она што ќе го усвои Парламентот и кога ќе е објавен законот да има одредени несогласувања и тоа се срамнува. Во дадениот случај не се работеше за исправка, се донесе една политичка одлука преку Законодавно-правна комисија, не се одеше преку измена, дополна на законот или преку автентично толкување, бидејќи ќе настанеа големи последици во однос на ретро-активното дејство, повратното дејство на законот со денот на влегување во сила. Дали ќе беше поповолно за граѓаните од една смисла да се плаќа тој воен данок. Мислам дека за овој период од месец дена, за одредени фирми или правни лица во голем износ се плаќа секојдневно. Се направи една политичка одлука, тука е јасно на сите членови, кога зборуваме за делот на одлучувањето.

Е сега се повлекува на аналогија, се гласало 94 година и таму беше споменувана Законодавно-правната комисија, па се споменува сега нов случај 1996 година како одлучувале тогаш мнозинството, бидејќи беше мнозинство Социјалдемократскиот сојуз. Еден случај 1994 година, беше спретседател почитуваниот потпретседател на Собранието господинот Томи-слав Стојановски, кој го кажуваа на Законодавно-правната комисија. Не се влечи аналогија. Не се работи за исправка. Тоа е основното. И друго претставниците на Социјалдемократскиот сојуз, претседател на Законодавно-правната комисија требаше да каже дека јас бев таму претставник и не гла-сав за таа исправка. Инаку никој пат не се издвојува, се издвојува мислење и по-себна дискусија. Се знае во работни тела сите учествуваме кој гласал за, кој гласал против. Мислам дека е тоа дообјаснување за јавноста, бидејќи предизвика голем интерес, прашање кое има големи финансиски последици за граганите, за одбраната за Буџетот на Република Македонија, се работи за големи износи. Да не навлегуваме, не објаснувам кој ја нап-рави грешката во средствата за јавно информирање и се префрлува на нас на пратениците, се префрлува на Владата, а се работи за неточно продолжување на рокот, тоа е наместо претходното воведување во сила на законот од 1 јули беше, и сега се замени годината. Тоа е така и мислам дека се направи, ќе повторам преседан. Дали порано се правело преседани и кога јас сум бил претседател или Томислав Стојановски, неможам да кажам и не е многу битно.

И уште еден коментар. Се коментираше овдека за делот на деловникот за претходната расправа за Законот за локална самоуправа. Беше многу јасно. Ние и тогаш јас и пратеникот Горѓи Спасов му кажавме на претседателот на Собранието не бараме знаете она вие што зборувате консензус на политички пратии да влезат политичките партии во Парламентот. Ние бараме за такви теми да има претходно договарање на ниво на координатори. И на ниво на координатори беше договорено, не беше учеснико господинот претседател, кој основна дејност на господинот претсе-дател, претходно да ги координира активностите на пратеничките групи. И доколку се изнајде начин согласно деловникот да се работи, во интерес нма државата, нема никаков проблем. И така сме работеле и така треба да работиме. Инаку претседателот Стојан Андов не свика координација. А ние со координаторот на пратеничката група, бидејќи јас го заменував господинот Никола Поповски, и координиравме со сите други пратеници. Тоа беше проблемот. Овој Парламент

неможи да работи без координација. Особено за битните и важни прашања за развој на Републиката.

Благодарам.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:** (Не е тука).

Има збор господинот Кирил Настески.

**КИРИЛ НАСТЕСКИ:**

Почитуван потпретседателе, почитувани пратеници, не верувам дека постои држава во светот која така едноставно дозволува да и се рушат спомениците на историјата што ја создал нејзиниот сопствен народ. Слушав или читав, таму некој талибанци рушеа споменици од непроценливо богатство. Ете и кај нас во Македонија, да не бидеме покусо од нив, удрија врз темелите на сопствената историја. Во Прилеп, градот каде што започна да се гради македонската држава се случи најгрозоморниот вандалски чин, варварски чин, при што беа оскрнавени и украдени бистите на познатите народни херои од НОБ Кузман Јосифовски-Питу, Мирче Ацев, Круме Волнаровски и Лазо Филиповски-Лавски, а беше урнат и трајно оштетен споменикот на 19-мината патриоти стрелани од бугарскиот фашистички окупатор во Дабница. Ќе речете ете органите наводно ги пронајдоа извршителите, ги пронајдоа бистите и ете работата е средена. Но неможете, првенствено прилепчаните а и сите добронамерни македонци да ги уверите дека наводно мотивот на извршителите бил добивање на материјална корист од продажбата на бистите. Извршителите од тоа ќе добиеле околу 5.000 денари а бистите од Прилеп ги носеле со такси, а до Дабница биле со поголемо возило. Згора на тоа таков ризик кој што одеднаш може да биде откриен и да се трага по извршителот за само 5.000 денари навистина нешто е симптоматично. Но, ете органите "ги открија" сторителите. Сторителите наводно се роми од Прилеп. Овде сакам да дадам мал коментар за ромите од Прилеп.

Ромите од Прилеп се најчесни жители на градот. Тие се наши другари и комшии. Тие си го сакаат својот град, неговата историја, си ја сакаат државата Македонија. Да ве потсетам само на еден сегмент во времето кога нациналистичките страсти дивееја во Прилеп наводно како резултат на загинатите прилепски резервисти во Карпалак кога безразборнс се палеа и се ограбуваа дуќани, ромите од Прилеп беа единствени кои со денови во центарот на градот бараа да се запре тоа безумие извикувајќи постојано Македонија-Македонија. Никого не можете да го убедите дека овој своевиден удар врз историјата на македонскиот народ, ова негира-ње на македонската држава, ова негирање во учеството во антифашистичката борба и најмногу негирање на оние кои што се бореле и оние кои што ги дадоа животите за она што денес го имаме, никого неможете да го убедите дека нема друга позадина од она што ја кажувате скромна материјална корист.

Цела плејада сеуште живи борци од НОБ, многубројните семејства на паднатите и умрените борци, целиот оној народ кој што знае како се бори и гине за државата и оние кои што сега во овие, исто така, тешки моменти за Македонија се на браникот на татковината на ваквиот гнасен чин гледаат само едно. Тоа е планиран чин за бришење на историјата. Чин за бришење на злосторствата на фашизмот, при што Прилеп даде многубројнк жртви. Ке помине ли ова срамно дело само со откривање и казнување на извршителите? Ако така се направи тоа би било уште посрамно дело. Очигледно нарачателите ќе останат неказнети, а со тоа кај народот се создава клима на несигурност во институциите на системот со доза на верување дека овој акт е политички мотивиран со елементи на државен тероризам. За да не биде тоа така покрај извршителите треба да бидат откриени и нарачателие и против нив да се преземат строги казнени мерки како препорака вакво вандалско дело уште еднаш никогаш да не се повтори. Ако вие тоа не го преземете ке си одите со уште еден тежок товар по што ке ве препознава целиот македонски народ.

За жал, овие две три години многу нешта се случија во Приклеп со призвутс на терор и останаа неадекватно казнети, неоткриени, заташкани од органите и институциите. Беа тепани обични граѓани кои учествуваа на трибина што ја држеше СДСМ. Беа одземани сниманите материјали, а се тоа пред органите на власта и не се најдоа сторителите. Да се изврши класичен упад во просториите на СДСМ пред очите на мнугу граѓани и членови на СДСМ при што на организиран и смислен начин буквално беа демолирани просториите, опремата, а малтретирани и присутните. Тогаш од надлежните добивме конфузни изјави, дури и дека тоа СДСМ сами си го направиле. Од овој упат многу работи останаа недоразјаснети. Се каменува куќи, се закануваа со каменување, палење, со очигледни сторители, но предметите сеуште

некаде лежат. Со уцена и закани беа рекетирани околу преку 200 бизнисмени, трговци, директори, поединци, не слушнавме дека за тоа некој одговараше. Се палеа дуќани се ограбуваа дуќани, се ширеше национална омраза, се украде оружје од касарната, што е за сето тоа преземено? Се случуваат убиства, ранети од залутани куршуми, пукање со рафали во кафичи полни со младинци-Прилеп се претвора во несигурно место за живеење. Колку и на кого последниве три години е доделено оружје, го контролира ли некој тоа? Началникот од една подрачна единица претепа 80 годишен старец и никому ништо. Како ли го совлада? Шест месеци Прилеп страда од вода за пиење, Владата не се ангажира да ја насочи водата од ТЕ "Осломеј" кон жителите. Одговорот беше подобро 80 илјади жители да останат без вода за пиење отколку 200 илјади без струја. На ова пораката од Прилеп е не даваме ниту капка вода од Студенчица со продажбата на ТЕ "Осломеј", затоа што поминат е планираниот период за користење на водата одмината е водостопанската дозвола и вода за пиење се користи за техноло шки цели, што е спротивно на законот.

**КИРИЛ НАСТЕВСКИ:** (ПРОДОЛЖЕНИЕ)

И така по ред се само бисер до бисер, сторители има, или нема, нарачатели по обичај не постојат, а сето тоа е класичен терор. Ако тој што треба да го открие, не го открива, тогаш повеќе од очигледно е дека тој терор е и негов.

**АМДИ БАЈРАМ:**

Почитуван потпретседателе, почитувани господа пратеници, почитуван господин министре, јас упатувам еден апел околу оваа реплика. Немојте да си поигрувате со ромскиот народ во Република Македонија. Се што имате меѓу вас расчистете си ги работите, партиски работи, кампањски работи, немојте ромите да ги увалувате во оваа работа. Дали СДСМ, дали ВМРО-ДПМНЕ, или било кој друг, воопшто не ме интересира. Јас сум застапник на ромите во Република Македонија и немојте да си поигрувате со ромскиот народ во Република Македонија, затоа што тие се граѓани на оваа Република и на оваа држава. Немојте сите да правите маркетинг околу ромите. Вие мегу вас се пукате, а ромите ги ставате да умираат на средина. Тоа јас не ви го дозволувам, да знаете, додека сум во овој Парламент и на оваа говорница. Иако направиле некои роми, македонци, турци, албанци, убиства, триста работи во државата прават, триста манипулации, триста шпекулации прават овде, никој ништо, а вие дигате врева тука за ромите и нон стоп роми, роми, роми. Ајде за сите тие медиуми и во печатот што пишува, заборавете ги ромите, најлојален народ си е овде во Република Македонија. И немојте овде да си играте со наша карта. Нас оставете не на страна. Ние сме секогаш со вас и со државата, со македонскиот народ и никогаш не сме против својата држава. Ова не е добро. Однапред зошто сега некој овде не стана од СДСМ и од ВМРО-ДПМНЕ, или од некоја албанска партија, или некој друг застапник да кажете тука завчера што се случи во Криволак што е ранет ром и коњ утепан и ромот е во болница. За тоа никој не кажува ништо. Човекот отишол да собира дрва во Криволак и од страна на армијата е застрелан. Зошто тоа не го кажувате? Зошто не кажувате некои добри работи за ромот и нешто лошо што му се случило, туку кажувате за некои кражби. Јас ви се обраќам на сите пратеници во Парламентот, немојте да манипулирате со ромите во Република Македонија. Ромите на страна. Вие што имате политички маркетинг, изборна кампања во Република Македонија, немојте нас да не ставате во прљава вода. Вие пијте ја таа прљава вода, а не ние да ја пиеме, ние ќе пиеме чиста. Вие меѓу вас што сакате правете. Вие вака и државата ја преполовивте меѓу вас што се јадете. Цела држава ја располовивте, направивте војна во државата и сеуште ќе има војни вака на ваков начин. Не е добро ова што го правите. Значи, политиката, овде решавајте на друг начин. Дајте да го видиме македонскиот народ. Стално овде трубам и кажувам, дајте да ја видиме економијата, стопанството, вработувањето, да нема војна, да нема други работи. Оставете ги овие работи. Дали било комунистичка, дали било ВМР-овско, дали било ова, дали било она, дајте на народот да му приспособиме што треба овде. А роми, ако некои направиле нешто, па и кај вас грешат со илјадници и илјадници, а двајца роми направиле, направивте, како да направиле кој знае каква работа. Па се знае кому-низмот умре, пријатно, догледање. Можеби на некој ром му сметало тоа, па кажете дека му сметало, а не дека украл и го напаѓате. Сега пратеникот од таа страна за да ги добие повторно мојот пријател Киро од таму изборите, моите роми ова, моите роми тоа. Тој филм не го гледате на овие избори. На овие избори кантарот на друг начин кантарот ќе игра. Веќе се освестивме. Јас кога овде на 61 ви играв, па што остана сега на избори. Тоа да ви биде јасно и гласно

веќе. Веќе нема околу ромите, заборавете ги ромите. Станете и зборувајте за ова што се случило, сега барајте информација за Криволак. Два дена го барам министерот и не можам да направам итна средба со него. За тоа да бараме оставка на министрите тука, што не можеме како пратеници да имаме прием кај министрите, без разлика од која партија бил. Ова беше само реплика.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Има збор господинот Жарко Караџоски.

**ЖАРКО КАРАЏОСКИ:**

Господине потпретседателе, колеги пратеници, навистина немав намера денеска повеќе да реплицирам, мислев да се вклучам во една конструктивна расправа, но навистина господинот Кирил Настевски ме предизвика да реплицирам. Најискрено кажувам дека ова што го искажа господинот Кирил Насевски лично не го очекував од него. И морам да кажам дури сум убеден дека ова не е негов текст, најверојатно му го дале да го прочита.

Госпфдине Настевски зошто го зборувам ова, а и ќе го потврдам Вие бевте еден од најконструктивните луѓе од СДСМ во Прилеп со кои што во континуитет соработувавме заеднички да го решиме проблемот со водата. Одевме секаде заедно, настапувавме секаде заедно, дури ваши беа зборовите дека Прилеп за жал има неспособен градоначалник и ако ние пратениците не застанеме, од него нема фајде. Бидете искрени, сега кога го слушам ова од вас дека директно се обвинува Владата дека сакала државен тероризам да направи затоа што не испорачувала вода на Прилеп. Па каде е ова со здрав разум? Навистина нема логика ова што го зборувате. Јас само ќе ви потврдам со одредени работи, со показатели и со бројки дека не е точно тоа што го тврдите. Што Владата направи во однос на водоснабдувањето, јас ќе ви кажам низ бројки. Два милиони 140 илјади денари потрошени за Кисела Вода за снабдување во градот каде што немаше вода, милион и 785 илјади денари се за цистерните, пет цистерни кои го снабдуваа градот во континуитет со вода, 812 илјади и 300 денари за 20 пумпи кои што ги даде Владата за да се вади вода од бунарите кај локалните граѓани за кои што господинот Марјан Горчев доби пофалници за здруженијата. 21 милион и 500 илјади денари се дадени од Владата во Фондот за води, вие добро знаете за што, по вашиот проект кој вие ни го форсиравте за ископување на бунари. И тој проект треба да се реализира во месец март, или почетокот на април оваа година. 25 милиони денари господине Настевски јас и ти поднесовме амандман во Буџетот во кој што влезе за изградба на прочистителна станица за кое пак ќе ка-жам најголем да речам лобист од страната на СДСМ бевте вие, вашиот проект, од вашиот директор на Јавното комунално претпријатие кое ние го прифативме и се договоривме овде заеднички да настапуваме. И сега да се каже крајно е неодговорно дека Владата имала таква намера да врши државен тероризам, оставајќи го Прилеп без вода. А зошто не прозборите господине Настевски што направи Јавното комунално претпријатие од Прилеп. Зошто Прилеп има 50-60% загуби во водоводната мрежа, 20 години station наназад, зошто од сите овие средства каде беше локалната самоупра-ва да набави таа пумпи за бунари, да најде соодветни решенија, да избуши бунари, нешто да направи таа. Каде беше тогаш? Толку во однос на водата. Многу имаме што да кажеме за водата, најискрено не мислев со вас да се расправам по ова прашање, затоа што навистина имавме заеднички став. Меѓутоа, и сега тврдам дека најверојатно текстот ви го напишал некој друг.

По однос на бистите господине Настевски. Јас ќе ве прашам едно, дали вие знаете бидејќи ја водите Комисијата за јубилејни награди, дали вие знаете колку споменици во Република Македонија се срушени од 1991 година наваму. и колку од сторителите на таквите дела се откриени. Јас ќе ви кажам дека не е откриен никој. А знаете ли зошто е тоа направено? За да секогаш постои мистеријата дека го прави ВМРО-ДПМНЕ. Во 1991 година господинот Настевски власта беше на СДСМ. Ако оваа власт прави државен тероризам, имавте простор да ги откриете сторителите. 1992 година нека биде, не е битно, јас кажувам во континуитет додека ние дојдовме на власт. Зборувам од 1991 година наваму. Што значи, зошто никого не окрививте. Најдобро е да се каже дека тоа го прави ВМРО заради тоа што се тие бугараши, а ние сме партизани. Така што најдобро е да се оквалификува дека ние имаме некои си непријателски односи и став кон Народноослободителната војна, што не е точно. Ќе ве прашам една друга работа, господине Настевски би ве замолил да ми одговорите ако сакате. Каде се бистите на Мице Козар и на Трајко Тарта, кој ги симна, кој ја даде наредбата и зошто не се наоѓаат таму каде што беа. Сигурно дека јас тоа не сум го направил и сигурно дека јас таква наредба не сум дал. Ќе го завршам сето во

однос на бистите и овие споменици што ги кажувате, ќе поставам само едно прашање. На кого може да му падне на памет една таква сулудна и гнасна идеја да се занимава со вакви туркања на бисти и тн. Прашањето е токму тоа. Но, да бидеме искрени, виновникот не е секаде онаму каде што сакате вие да го посочите.

**КИРИЛ НАСТЕВСКИ:**

Јас ен би сакал да се впуштам во коментар на репликата на господинот Караџоски. Само сакам да нагласам дека очигледно е дека Караџоски е задолжен да ги коментира само другите дискусии. И неговата реплика ја однесе во сосема десетти правец. Само за едно потсетување во врска со Студенчица. Јас го напомнав случајот со Осломеј на чие што барање и господинот Караџоски е потпишан и бара Владата да се ангажира во тој кризен момент Осломеј да биде исклучен, а останатите активности што навистина се тргнати од мртва точка се за почит, веќе се движи кон средување на ситуацијата која за жал сега заради веројатно технички причини, или временски причини не е можно да се преземат тие работи. Значи, некако репликата отиде во сосема друг правец. Јас навистина нема уште еднаш да му реплицирам, ако сака господинот Караџоски цел ден нека зборува.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

По известување на претседателот на Собранието, ја прекинувам седницата, а ќе продолжиме утре со почеток во 11,00 часот.

(Седницата прекина во 16,35 часот).